# КРИВИЧНОПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО



ECE

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

**Издавач:**

Здружение за еманципација,

солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

Ул. Максим Горки бр. 20/1-4, Скопје

Тел: 02 3298 295; 3298 296

Факс: 02 3211 453

www.esem.org.mk

**За издавачот**

Јасминка Фришчиќ, извршна директорка

**Лектура**

Катица Трајкова

**Автор**

Стојан Михов

Овој извештај е подготвен од страна на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски држави.

# ВОВЕД

Почитувањето и заштитата на човековиот живот, телесниот интегритет, сигурноста, психичкиот мир и половата слобода се основни вредности на нашата цивилизација. Тие имаат апсолутен карактер и се заштитени од раѓањето до смртта на секој поединец. Семејното насилство претставува грубо кршење и нарушување на овие основни слободи и права на жената и пошироко. Во потрага по разрешување на насилството со кое се соочуваат и обезбедување на потребната заштита за себе и најблиските, жената што претрпела насилство очекува надлежните институции, односно сите професионални структури да постапуваат навремено, соодветно и ефикасно. Полицијата, јавното обвинителство и особено судот, односно судиите, се дел на еден од столбовите на заштита – кривичноправниот систем. Пристапот до правда, односно информираноста и можноста за правно разрешување на семејното насилство, времетраењето на постапката, доказите што треба да се обезбедат, видот на одлуката, и особено каков вид на казни им се изрекуваат на насилниците, се индикатори за општествената реакција и третманот на овој вид на насилство, односно укажуваат на тоа каква заштита обезбедуваме на оние што претрпеле насилство.

Токму поради тоа во соработка со неколку основни судови прибравме и анализиравме податоци во однос на обезбедување на кривична заштита на жените што претрпеле семејно насилство со цел да се согледа нивното постапување и да се извлечат одредени заклучоци во насока на праќање на јасна порака на сторителите на насилство дека овој вид на насилство не е дозволен и се казнува. Оваа активност претставува дел од активностите на ЕСЕ на полето на превенција и заштита од семејно насилство, со кои тежнееме да го зголемиме степенот на ефикасност и одговорност во постапувањето на судовите при кривичната заштита од семејно насилство, како и да го зголемиме степенот на информираност и запознаеност во однос на оваа проблематика.

Кривичниот закон на Република Македонија (КЗ) беше донесен на 23.7.1996 година (објавен во Службен весник бр. 37/06), а започна да се применува од 1 ноември 1996 година. Од неговото донесување тој посуштествено беше ревидиран три пати (2004, 2009 и 2014 година), а речиси секоја година во него се вршат помали или поголеми измени. Семејното насилство беше дефинирано и предвидено во законските битија на повеќе кривични дела за прв пат во 2004 година.

Под семејно насилство, според КЗ, се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родители или деца или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица што имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи. Кривичниот законик ги регулира сите три видови на семејно насилство, односно физичкото, психичкото и сексуалното.

Извршители и жртви на семејно насилство според КЗ можат да бидат: брачен другар, родители или деца и други лица што живеат во брачна и вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, поранешен брачен другар, лица што не биле во брак или не живееле во вонбрачна заедница, а имаат заедничко дете и лица што се наоѓаат во блиски лични односи (момче и девојка и сл.).

Кривичниот прогон за кривичните дела извршени како акт на семејно насилство се презема по службена должност со исклучок на кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ, кога прогонот се презема по службена должност со претходно даден предлог на жртвата на семејно насилство во рок од 90 дена од моментот на случување на настанот и добиено сознание за сторителот. Кривичен прогон по службена должност преставува преземање на сите дејствија од страна на органите за кривичен прогон по добиено сознание за сторено кривично дело со цел да се открие и пронајде сторителот, да се приберат сите докази во однос на извршеното кривично дело за сторителот и тој да биде изведен пред суд. Тоа значи дека доколку е сторено кривично дело, чиј прогон е по службена должност, потребно е случајот да се пријави веднаш во полиција, а потоа полицијата и јавното обвинителство, секој во рамки на својата надлежност, да ги преземе сите потребни мерки.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Со цел реално да ги согледаме состојбите во справување на судовите со проблемот со семејното насилство во кривичната сфера, извршивме увид во дел од правосилно завршените предмети за извршени кривични дела за заштита од семејно насилство во четири суда. Три од нив се со проширена и еден е со општа надлежност во различни делови на Република Македонија, односно во:

– **Основен суд Скопје 1 – Скопје, суд со проширена надлежност**, кој постапува за подрачјето за општина: Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново, кој одлучува во прв степен за кривични дела за кој со закон како главна казна е определена казна затвор над пет (5) години,

– **Основен суд Велес, суд со проширена надлежност**, кој постапува за подрачјата на Општина Велес, Градско и Чашка, кој одлучува во прв степен за кривични дела за кој со закон како главна казна е определена казна затвор над пет (5) години,

– **Основен суд Радовиш, суд со основна надлежност** за подрачјата на Општина Радовиш и Конче, кој одлучува во прв степен за кривични дела за кој со закон како главна казна е определена казна затвор до пет (5) години и

– **Основен суд Гостивар, суд со проширена надлежност** за подрачјата на општините: Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша, кој одлучува во прв степен за кривични дела за кој со закон како главна казна е определена казна затвор до пет (5) години.

Првенствено при изборот на судовите беше земен предвид територијалниот принцип при што беа опфатени судови од источниот, западниот и централниот дел на државата. Воедно, се водеше сметка дел од судовите да се со основна, а дел со проширена надлежност. Овој избор беше направен поради фактот што судовите кои се со основна надлежност судат за сите кривични дела од сферата на семејното насилство за кои според закон е предвидена парична казна или казна затвор до 5 години. Судовите со проширена надлежност постапуваат по сите предмети од сферата на семејното насилство за кои е предвидена парична казна, казна затвор до 20 години или казна доживотен затвор, со тоа што примат имаат кривичните дела за кои е предвидена казна затвор над 5 години или казна доживотен затвор. Ова е особено битно затоа што овие судови се специјализирани за постапување по потешки кривични дела и имаат посебно место и улога во утврдување на единствена казнена политика за овие дела.

Увидот во правосилно завршените предмети го спроведовме од месец април заклучно со првата половина на месец јуни 2018 година. Увидот беше извршен на 33 правосилно завршени предмети во 2016 и 2017 година, и тоа во Основен суд Скопје 1 – Скопје – 14 предмети, Основен суд Велес – 10 предмети, Основен суд Радовиш – 7 предмети и Основен суд Гостивар – 2 предмети.

Увидот го спроведовме врз основа на претходно подготвен структуриран прашалник за процесно-правни и материјално-правни аспекти на кривичната заштита. Дополнително на анализа ни беа доставени и пресудите (22), решенијата за изрекување на мерка за безбедност (6) и решенијата за запирање на постапката (5) во кои личните податоци за инволвираните страни беа анонимни.

## УРЕДЕНОСТ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Психичкото насилство врз жената во себе ги вклучува следните структурни елементи: контрола врз жената – контрола на нејзино движење; контрола врз нејзините лични контакти и севкупна контрола врз семејниот буџет; изолација – забрана на контакти со фамилијата – забрана да работи надвор од дома; љубомора или посесивност; однесувања што предизвикуваат емоционални или психички маки и страдања на жената, вербално агресивно однесување, нарекување со погрдни имиња, однесувања што се понижувачки за жената, целосна послушност од жената – зборот на мажот секогаш да е последен. **Психичкото насилство е санкционирано со кривичните дела:**

1) **Присилба од чл. 139 ст. 2 од КЗ** за што законодавецот предвидува казна затвор од 6 месеци до 3 години. Ова дело го врши тој што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто. Суштината на ова дело јасно зборува дека во конкретниот случај насилникот со сериозна закана влијае врз формирањето на волјата на жртвата на семејно насилство или врз нејзината реализација, па жртвата на семејно насилство како резултат на ваквата сериозна

закана се одлучува да направи нешто или прави нешто надвор од својата волја и доколку од страна на насилникот немало сериозна закана врз жртвата на семејно насилство, таа таквите одлуки и нивната реализација немала да ги донесе. Како резултат на сериозната закана, жртвата на семејно насилство од страна на насилникот може да биде принудена и да трпи нешто.

2)

**Противправно лишување од слобода од чл. 140 ст. 2 од КЗ** за кое законодавецот предвидува казна затвор од 6 месеци до 3 години. Ова кривично дело го врши тој што друг противправно ќе го затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја одземе или ограничи слободата на движење. Насилникот го врши ова дело врз жртвата на семејно насилство со нејзино затворање против нејзината волја или со држење на жртвата на семејно насилство затворена или со одземање или ограничување на слободата на движење, односно доколку жртвата на семејно насилство користи помагала за свое движење најчесто насилникот ѝ ги одзема таквите помагала, па таа не е во состојба да се движи или пак насилникот на жртвата ѝ ја ограничува слободата на движење на начин што најчесто не ѝ дава на жртвата на семејното насилство да ги посетува своите најблиски, најчесто родители, браќата и сестрите или пак блиските пријатели и пријателки од работната средина. Со други зборови, насилникот ѝ диктира на жртвата со кого да се дружи, а со кого не.

2. **Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ** за кое законодавецот предвидува казна затвор од 3 месеци до 3 години. Ова дело го врши тој што ќе ја загрози сигурноста на жртвата на семејно насилство со сериозна закана дека ќе нападне врз животот и телото на жртвата на семејното насилство или врз животот и телото на нејзино блиско лице. Важно за кривичната одговорност на насилникот е со преземените дејства насилникот со својата сериозна закана кај жртвата на семејно насилство да предизвика чувство на несигурност и страв по нејзиниот телесен интегритет или по телесниот интегритет на нејзините блиски лица.

Конститутивни елементи според КЗ на физичко насилство се: удар, влечење за коса, шлаканица, боксирање, тепање, давење, удар со предмети, горење, попарување, односно секој непосреден однос на физички контакт меѓу сторителот и жртвата при што ѝ се нарушува физичкиот интегритет на жената; фрлање предмети по жената и закани за физички повреди. **Физичкото насилство е санкционирано со кривичните дела:**

1) **Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ** за кое законодавецот предвидува казна затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор. Ова дело го врши: „Тој што друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство“. Ова кривично дело законодавецот го дефинира со употреба на општа формулација, како лишување од живот на друг, при вршење семејно насилство. Тоа преставува квалифициран вид на убиство. Дејството на извршување на ова дело е секое дејство на насилникот со кое се предизвикува смрт на жртвата на семејно насилство. Последицата од извршување на ова дело се

состои од настапување на смрт на жртвата на семејно насилство. Делото е довршено со моментот на настапување на смртта. Помеѓу дејството на извршување и последицата – смртта, треба да постои причинска врска. Кривичното дело се врши со директна или евентуална умисла. Мотивот за извршување на делото не е составен дел на суштината на ова дело, меѓутоа тој може да претставува отежнувачка околност при одмерување на казната спрема сторителот. Доколку обвинетиот започнал со дејства за лишување на друг од живот, меѓутоа не дошло до лишување од живот на другото лице, во тој случај станува збор за обид за извршување на убиство од член 123, став 2 точка 2 в.в член 19 од КЗ. Обидот е основ за поблаго казнување, меѓутоа априори обвинетиот не мора и поблаго да биде казнет. Целта на законодавецот со оваа законска одредба е стимулирање на обвинетиот да се откаже од веќе започнатото дело.

2) **Убиство на миг од чл. 125 од КЗ** за кое законодавецот предвидува казна затвор од една до пет години. Дефиницијата на ова кривично дело гласи: „Тој што друг ќе лиши од живот на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост, со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство од страна на убиениот". Ова дело спаѓа во групата на привилегирани убиства. Посебна околност што на ваквиот вид на убиство му дава привилегиран вид е последната субјективна состојба на раздразнетост на жртвата на семејно насилство, која е предизвикана од страна на насилникот. Се работи за ситуација на активен придонес на насилникот – поводот за убиството потекнува од него. Во основата за поблаг третман е посебната психичка состојба во која запаѓа жртвата на семејно насилство како последица на однесувањето на насилникот. Суштината на ова дело се состои во лишување од живот на друг – жртвата на семејно насилство го лишува од живот насилникот во состојба на силна раздразнетост. Жртвата на семејно насилство е доведена во таква состојба без своја вина, со напад или тешко навредување од страна на насилникот – убиениот. Блиску на ситуацијата на „убиство во миг", е убиство извршено со пречекорување на границата на нужна одбрана. Основна разлика е во истовременоста на нападот и одбраната кај нужната одбрана, а додека кај убиството на миг, лишување од живот на насилникот од страна на жртвата на семејното насилство може да следува и по нападот. Кај убиството на миг не мора да постои пропорционалност помеѓу интензитетот на нападот и реакцијата на жртвата на семејно насилство. Кога сите објективни и субјективни елементи на пречекорување на нужната одбрана и убиството на миг се поклопуваат, делото ќе се квалификува како убиство на миг, а ќе се применат и одредбите за пречекорување на нужна одбрана. Делото се врши со умисла.

3) **Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ** за кое законодавецот предвидува казна затвор од 6 месеци до 3 години. Ова дело го врши тој што друг телесно ќе повреди или ќе му го наруши здравјето. Најчесто насилникот физички ја напаѓа жртвата и ѝ нанесува телесни повреди или пак ја омаловажува, навредува, игнорира и сл. при што жртвата

запаѓа во една посебна психичка состојба, односно ѝ се нарушува здравјето.

4) **Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 од КЗ** за кое законодавецот предвидува казна затвор од 1 до 5 години. Ова дело го врши тој што друг тешко телесно ќе повреди или здравјето тешко ќе му го наруши – насилникот на жртвата на семејно насилство и нанесува тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на жртвата на семејно насилство.

5) **Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 6 од КЗ** за кое законодавецот предвидува парична казна или казна затвор до 3 години. Во кривичното дело од чл. 131 ст. 6 од КЗ, законодавецот ја повластува жртвата на семејно насилство доколку таа посегне по насилникот во состојба на силна раздразнетост предизвикана во миг без вина на жртвата на семејното насилство и доколку жртвата тешко телесно го повреди насилникот. Законодавецот јасно им става на знаење на насилниците дека доколку тие вршат семејно насилство, жртвата на семејно насилство може да биде доведена во една состојба на силна раздразнетост и во таква состојба таа може да преземе дејствија со кои насилникот ќе биде тешко телесно повреден. Меѓутоа, во таков случај, жртвата нема да одговара за основниот вид на кривично дело Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 1 од КЗ, туку ќе одговара за привилегираниот вид на ова кривично дело.

Сексуалното насилство се дефинира како присила на сексуален однос, објект за присила или друг вид на сексуална активност. **Сексуалното насилство е санкционирано со кривичните дела:**

1) **Силување од чл. 186 од КЗ.** Во суштината на ова кривично дело е предвидено дека жртвата на семејно насилство е слободна при одлуката за полово општење или други полови дејствија и доколку жртвата не сака да има полово општење со својот сопруг или вонбрачен другар, таквата нејзина одлука од сопствениот брачен или вонбраен другар треба да биде почитувана. Доколку насилникот не ја почитува таквата волја на жртвата на семејно насилство и со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на неговата брачна или вонбрачна другарка или животот и телото на нивните блиски лица и ја присили на обљуба, го сторува ова кривично дело.

2) **Обљуба со злоупотреба на положбата од чл. 189 ст. 2 од КЗ** законодавецот предвидува казна затвор од најмалку 10 години. Ова кривично дело го врши тој што при вршење на семејно насилство ќе изврши обљуба или друго полово дејствие со дете кое наполнило 14 години кое му е доверено заради учење, воспитување, чување или нега.

3) **Посредување при вршење на проституција од чл. 191 ст. 4 од КЗ** за кое законодавецот предвидува казна затвор од најмалку 10 години. Ова кривично дело го врши: „Тој што

врбува, наведува, поттикнува или намамува лице на проституција или тој што на кој и да е начин учествува во предавање на лице на друг заради вршење на проституција, заради заработувачка му овозможува на друг користење на сексуални услуги, заради заработувачка со сила или сериозна закана за употреба на сила ќе присили или со измама ќе наведе друго лице на давање сексуални услуги при вршење на семејно насилство". Во нашето казнено право проституцијата не е кривично дело. Под проституција се подразбира вршење полово општење или други полови односи со неопределен круг лица од ист или спротивен пол за определена парична или друга корист. Занимавањето со проституција во нашиот систем во казненото право се казнува главно како прекршок против јавниот ред и мир. Казненото право на РМ го инкриминира само (за) посредувањето во вршење на проституција. Посредувањето во вршење на проституција може да биде со врбување, наведување, поттикнување или намамување на лице на проституција или на кој и да е начин со учествување во предавање на лице на друг, заради вршење на проституција.

## НАОДИ

## ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА СУДСКИТЕ ПРЕДМЕТИ

Во овој дел од анализата ви ги презентираме податоците за видот на кривичното дело, видот на судската постапка, профилот на сторителот и жртвата, како и релацијата – односот на сторителот и жртвата.

**а) Вид на кривично дело**

Од извршениот увид во 33-те правосилно завршени предмети оформени пред Основниот суд Скопје 1 – Скопје, Основниот суд Велес, Основниот суд Гостивар и Основниот суд Радовиш за кривични дела извршени како акт на семејно насилство, сосем видно произлегува дека се водени кривични постапки за кривични дела против животот и телото и кривични дела против слободата и правата на човекот и граѓанинот, а воопшто не е водена кривична постапка за кривични дела против половата слобода и половиот морал.

Од кривичните постапки што се водени за кривични дела против животот и телото најмногу е застапено кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ или вкупно 16 постапки, потоа следуваат постапките за кривичното дело Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ со вкупно седум (7), шест (6) постапки се за кривичното дело Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ од кои три (3) во обид и, на крајот, четири (4) постапки се за кривичното дело Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 од КЗ (види табела 1).

Загрижува фактот што пред судовите не е оформен каков било предмет, ниту пак е водена кривична постапка за заштита на жртвите на сексуално семејно насилство, а исто така не е оформен предмет ниту пак е водена кривична постапка за заштита на жртвите на психичко семејно насилство за кривичните дела „Присилба" од чл. 139 ст. 2 од КЗ и „Противправно лишување од слобода" од чл. 140 ст. 2 од КЗ.

Ова сосем јасно кажува дека жртвите на семејно насилство недоволно го препознаваат и пријавуваат психичкото и сексуалното насилство, а исто така и повиканите институции, како што е полицијата и јавното обвинителство кои имаат единствена задача да ги откриваат сторените кривични дела и да ги гонат нивните сторители, не се доволно едуцирани и сензибилизирани во однос на овие видови на насилство бидејќи е невозможно во рок од две години да нема извршено ниту едно кривично дело од сферата на сексуалното и психичкото насилство.

**Табела бр. 1. Видови на кривични дела по судови**

| | Основен суд Скопје 1 – Скопје | Основен суд Велес | Основен суд Радовиш | Основен суд Гостивар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичко | | | | | |
| Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 | 3 | 8 | 4 | 1 | 16 |
| Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 | 3 | / | 1 | / | 4 |
| Убиство од чл. 123 ст. 2 точка 2 од КЗ | 1 | 1 | / | 1 | 3 |
| Убиство од чл. 123 ст. 2 точка 2 од КЗ в.в. чл. 19 | 2 | 1 | / | / | 3 |
| Психичко | | | | | |
| Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ | 5 | / | 2 | / | 7 |
| Присилба од чл. 139 ст. 2 | / | / | / | / | / |
| Противправно лишување од слобода од чл. 140 ст. 2 | / | / | / | / | / |
| Сексуално | | | | | |
| Силување од чл. 186 | / | / | / | / | / |
| Обљуба со злоупотреба на положбата од чл. 189 ст. 2. | / | / | / | / | / |
| Посредување во вршење проституција од чл. 191 ст. 3 | / | / | / | / | / |
| ВКУПНО | 14 | 10 | 7 | 2 | 33 |

**б) Вид на постапка**

Бројни меѓународни документи (препораки и резолуции), усвоени од страна на Советот на Европа и на ЕУ, воведуваат и наметнуваат нови стандарди на правосудството, како најчувствителна сфера во поглед на заштитата на човековите права од можни непочитувања и повреди. Имено, современиот систем на кривична правда подразбира воведување систем на кривични постапки во кој целосно ќе се почитуваат правата и слободите загарантирани со Европската конвенција за човекови права и другите меѓународни документи. Сето тоа подразбира воведување на кривичноправен систем кој ќе доведе до поедноставување на постапките, намалување на трошоците, употреба на нови технологии, намалување на оптовареноста на судовите и воведување на алтернативни средства за решавање на споровите.

Имајќи ги предвид ваквите стандарди за правосудството во новиот Закон за кривична постапка во Република Македонија, воведен е систем на кривична постапка во кој целосно ќе се почитуваат загарантираните права и слободи на граѓанинот. Имено, со одредбите на Законот за кривична постапка во Р Македонија, при пресудување на извршени кривични дела се дава можност да биде водена: редовна кривична постапка и четири забрзани кривични постапки. Забрзаните кривични постапки се: скратена постапка, постапка за медијација, постапка за издавање казнен налог и постапка за донесување пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот.

Одредбите за редовна кривична постапка се применуваат во постапка пред суд што суди во прв степен за кривични дела за кои како главна казна е пропишано казна затвор над 5 (пет) години до 20 години и казна доживотен затвор, со тоа што наместо казната доживотен затвор може да се изрече казна долготраен затвор од 40 години. Редовна кривична постапка се води за кривичните дела извршени како акт на семејно насилство и тоа: Убиство од член 123, ст. 2 т. 2, Силување од член 186, Обљуба со злоупотреба на положбата од член 189 ст. 2 и Посредување при вршење на проституција од член 191 ст. 4.

Одредбите на скратената постапка (чл. 469 до 481 од ЗКП) се применуваат во постапка пред суд што суди во прв степен за кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или казна затвор до 5 (пет) години. Скратена кривична постапка се води за следните кривични дела: Убиство на миг од член 125, Тешка телесна повреда од член 131 ст. 2, Присилба од член 139 ст. 2, Противправно лишување од слобода од член 140 ст. 2 и Загрозување на сигурноста од член 144 ст. 2.

Постапката за медијација е постапка што може да биде иницирана во скратена постапка кај кривични дела за кои се гони по приватна тужба. Постапката за медијација не може да биде иницирана за кривичните дела од сферата на семејното насилство бидејќи за сите кривични дела од оваа сфера кривичниот прогон се презема по службена должност со исклучок на делото за телесна повреда од член 130 ст. 2, чиј кривичен прогон се презема по службена должност, но по претходно даден предлог од страна на жртвата што значи кривичниот прогон за ова кривично дело не се презема по приватна кривична тужба.

Постапката за издавање казнен налог е дозволена кога се работи за кривични дела казниви со парична казна или казна затвор во траење до 5 (пет) години при што е важно да постојат доволно докази што ќе го убедат јавниот обвинител дека е основано да поднесе предлог за издавање на казнен налог. Предложената санкција од јавниот обвинител за стореното кривично дело мора да се движи во рамките на санкциите предвидени во Законот за кривична постапка – парична казна од 10 до 100 глоби, условна осуда со утврдена казна затвор до 3 месеци или парична казна, забрана за управување на моторно возило до 2 години и конфискација на имот и имотна корист стекната со кривичното дело. Доколку судијата смета дека не е оправдано изрекување на предложената санкција и од приложените докази може да се очекува изрекување на друга кривична санкција, судијата нема да донесе пресуда врз основа на предлог за издавање на казнен налог, туку ќе закаже главна расправа според одредбите на скратената постапка. Против вака донесената пресуда обвинетиот има право на приговор во рок од 8 (осум) дена. Ако обвинетиот на пресудата со казнен налог не поднесе приговор, законска пресумпција е дека се согласил со неа и со истекот на рокот за поднесување на приговор, пресудата станува правосилна. Доколку обвинетиот не се согласува со пресудата, може да поднесе писмен приговор или усмен во записник пред судот. Приговорот не мора да биде образложен. Доколку е поднесен приговор против пресудата, се смета како пресудата воопшто да не е донесена и се води скратена постапка. Доколку за судијата е прифатлива предложената санкција, тој ќе донесе пресуда со која ќе го издаде казнениот налог, односно обвинетиот ќе го огласи за виновен за предметното кривично дело и спрема него може да ја изрече само казната што е предложена од страна на ОЈО.

Примената на постапката за издавање на казнен налог не е препорачлива при пресудувањето за извршени кривични дела како акт на семејно насилство и покрај тоа што жртвата на семејно насилство со примена на една ваква постапка не се изложува на повторна виктимизација, бидејќи извршувањето на тие кривични дела се со посебна зголемена општествена опасност и не смее априори за извршено кривично дело како акт на семејно насилство да се предлага изрекување на парична казна, што секако би ја погодила и жртвата на семејно насилство доколку таа сè уште е во заедница со обвинетиот, ниту пак да се предлага изрекување на алтернативна мерка спрема сторителот на кривичното дело извршено како акт на семејно насилство, без да се слушне за сето тоа гласот на жртвата на семејно насилство какво насилство врз неа се врши, колку време тоа трае, какви се последиците и траумите што ги преживеала од насилството. Во најмала мера ова претставува испраќање лоша порака спрема насилникот – можеш да вршиш семејно насилство следува алтернативна мерка. Се препорачува надлежниот јавен обвинител (ЈО) да одлучи дали против обвинетиот ќе биде поднесено обвинение за предметното кривично дело или надлежниот јавен обвинител ќе поднесе до надлежен суд предлог за издавање на казнен налог, тој императивно да ја повика жртвата на семејно насилство, да земе исказ од неа во смисла на тежината на извршеното насилство, неговото времетраење, последиците и осудуваноста на обвинетиот и потоа да донесе одлука за видот на постапката што ќе ја

иницира.

Постапка за донесување на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот всушност претставува заемен договор помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот во кој и двете страни по малку отстапуваат од првичната замисла. Спогодувањето е облик на активно преговарање во кое обвинетиот во замена за признанието на извршеното кривично дело се откажува од правото на судење заради одредени отстапки во обвинението или во однос на одмерувањето на кривичната санкција. Процесот за спогодување и носење на пресуда врз основа на спогодба е ограничен до поднесување на обвинението. Оштетениот може да пријави оштетено побарување. Ако обвинетиот се согласи со пријавеното отштетно побарување и негово намирување, предлог-спогодбата мора да го содржи и сето ова. Ако обвинетиот не се согласи со пријавеното имотноправно побарување од оштетениот, оштетениот може да го оствари во граѓанска постапка. Предлог-спогодбата мора да биде прифатена од судот во спротивно се води редовна или скратена постапка во зависност за кое кривично дело се работи. Не е пожелно да се применува и оваа кривична постапка при извршени кривични дела како акт на семејно насилство бидејќи не ѝ се дава законска можност на жртвата на семејно насилство да се изјасни дали се согласува со видот и висината на договорената казна. По исклучок, оваа кривична постапка може да се применува доколку надлежниот јавен обвинител при постигнувањето на спогодбата бара ефективна казна затвор за стореното кривично дело, но не под лимитот на најниско предвидената казна затвор за тоа кривично дело.

Разликата помеѓу редовната постапка и забрзаните постапки е тоа што при водење на забрзаните постапки се избегнува повторната виктимизација на жртвата на семејно насилство, за многу пократко време се задоволува правдата, трошоците по кривичната постапка се крајно рационални, судовите се растоваруваат од водење на долготрајни и скапи постапки, а субјектите што учествуваат во забрзаните постапки се должни да ги почитуваат меѓународните стандарди, првенствено правото на фер судење.

Според тоа каков вид на постапка е водена за кривичните дела за заштита од семејно насилство (види табела 2), во сите судови најголем е бројот на скратена постапка – 23 постапки, по кој следува редовната постапка – шест (6) и постапката по казнен налог – четири (4).

**Табела бр.2. Вид на постапка по суд**

| | ОС Скопје 1 – Скопје | ОС Велес | ОС Радовиш | ОС Гостивар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Редовна постапка – поднесен обвинителен акт | 3 | 2 | 0 | 1 | 6 |
| Скратена постапка – поднесен обвинителен предлог | 8 | 7 | 7 | 1 | 23 |
| Постапка по казнен налог | 3 | 1 | 0 | 0 | 4 |
| Вкупно | 14 | 10 | 7 | 2 | 33 |

**Табела бр.3. Вид на кривично дело и постапка што е водена за него**

| | Редовна постапка – поднесен обвинителен акт | Скратена постапка – поднесен обвинителен предлог | Постапка по казнен налог | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Физичко | | | | |
| Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 | / | 15 | 1 | 16 |
| Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 | / | 4 | / | 4 |
| Убиство од чл. 123 ст. 2 точка 2 од КЗ | 3 | / | / | 3 |
| Убиство од чл. 123 ст. 2 точка 2 од КЗ в.в. чл. 19 | 3 | / | / | 3 |
| Психичко | | | | |
| Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ | / | 4 | 3 | 7 |
| Присилба од чл. 139 ст. 2 | / | / | / | / |
| Противправно лишување од слобода од чл. 140 ст. 2 | / | / | / | / |
| Сексуално | | | | |
| Силување од чл. 186 | / | / | / | / |
| Обљуба со злоупотреба на положбата од чл. 189 ст. 2. | / | / | / | / |
| Посредување во вршење проституција од чл. 191 ст. 3 | / | / | / | / |
| ВКУПНО | 6 | 23 | 4 | 33 |

## Негативна судска пракса

Пример 1.

П Р Е С У Д А

ЗА ИЗДАВАЊЕ КАЗНЕН НАЛОГ

ОБВИНЕТИОТ:

В. Е., со ЕМБГ …., од татко Д., мајка М., роден на ….. година во С., каде што и живее на ул. „Д. М.“, бр. … , државјанин на РМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело

В И Н О В Е Н   Е

ЗАТОА ШТО:

На 21.5.2017 година околу 15:30 часот во С., на ул. „Х.Т.“ бр. ..., при вршење на семејно насилство ја загрозил сигурноста на неговата поранешна сопруга, оштетената Г. Е. и неговата ќерка, оштетената Е. Е. родена на ….. година, со сериозна закана дека ќе нападне по животот и телото на нејзината мајка на начин што, по вербална расправија со оштетената Г. почнал да ѝ упатува навредливи зборови, замавнал со тупаници кон неа со намера да ја удри, но меѓу нив застанала оштетената Е. која го спречила нападот, па откако оштетената Г. излегла од домот за кратко излегол и обвинетиот кој застанал до возилото на оштетената Г., викнал по неговата ќерка која излегла на терасата и држејќи камен во рака ѝ се обратил со зборовите: „за да не ја убијам мајка ти, сега ќе ја искршам колата“, а потоа го искршил предното и задното ветробранско стакло од возилото, а со тоа ја загрозил сигурноста на оштетените.

Со горните дејствија обвинетиот В. Е. од С. сторил кривично дело Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 в.в. со ст. 1 од КЗ, па согласно со овие членови и членовите 1, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 39, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ, судот му изрекува алтернативна мерка:

У С Л О В Н А  О С У Д А

Така што му се утврдува казна затвор во траење од 3 (ТРИ) МЕСЕЦИ и истовремено се определува дека таа нема да се изврши доколку обвинетиот за време од 2 (ДВЕ) ГОДИНИ по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

Согласно со чл. 114 ст. 2 од ЗКП, оштетените Г. Е. и Е. Е. за евентуално предјавено имотноправно побарување, се упатуваат на спор.

Пример 2.

П Р Е С У Д А

ЗА ИЗДАВАЊЕ КАЗНЕН НАЛОГ

ОБВИНЕТИОТ:

С. С.

В И Н О В Е Н   Е

ЗАТОА ШТО:

На … година во семејната куќа на ул. „...“ бр. … во С., В. С. при вршење на семејно насилство ја загрозил сигурноста на неговата сопруга М. С. со сериозна закана дека ќе нападне врз нејзиниот живот и тело, на начин што откако претходно се довел себеси во состојба на пијанство со концентрација на алкохол во крвта од 2,26 ‰, најпрвин отпочнал вербална расправија со неговиот син А. С. а потоа откако синот се качил на горниот спрат, обвинетиот зел нож од кујната и по скалите се качил на горниот кат каде што, кога му пристапила сопругата, која тргнала по него, тој држејќи го ножот во рака упатил закани, обраќајќи ѝ се со зборовите: „прво ќе го убијам синот, а потоа и тебе ќе те средам“, по што започнал да ја турка жртвата М. С. и во тој момент спрема него потрчала неговата ќерка А. С. која му го одзела ножот од рацете.

Со кои дејствија обвинетиот С. С. од С. сторил кривично дело – Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 в.в. со ст. 1 од КЗ, па согласно со цитираниот член, како и членовите 3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 34, 39, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ, судот му изрекува алтернативна мерка:

УСЛОВНА ОСУДА

Така што му утврдува казна затвор во траење од 3 (ТРИ) МЕСЕЦИ и истовремено определува дека утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 1 (ЕДНА) ГОДИНА, сметано од денот на правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело,

Согласно со чл. 100-а од КЗ од обвинетиот се одзема нож со сечиво од 20 см со пластична зелена рачка, како предмет што бил употребен за вршење на кривичното дело.

Согласно со чл. 114 од ЗКП, оштетената М. С. од С. за евентуално предјавено имотноправно барање се упатува на спор.

Пример 3.

П Р Е С У Д А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КАЗНЕН НАЛОГ

ОБВИНЕТИОТ:

**З. Т. со ЕМБГ …** од татко Д. мајка В. роден на … година во В. а живее во С. на ул. „… “ бр. … по професија возач, вработен во „… “, со завршено средно образование, М. државјанин на Р.М., неосудуван, не се водат постапки за други кривични постапки.

**В И Н О В Е Н Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На … година, околу 16:00 часот, во семејниот дом на ул. „… “ бр. … во С. при вршење на семејно насилство ја загрозил сигурноста на неговата сопруга, оштетената К. Т. со сериозна закана дека ќе нападне врз нејзиниот живот и тело, на начин што во периодот кој претходел на бракоразводната парница помеѓу обвинетиот и оштетената, по кратка вербална расправија околу финансиите во семејството и плаќањето на комуналии, обвинетиот ѝ рекол на оштетената дека доколку таа на закажаното рочиште на … година пред Основниот суд Скопје 2 С. побара од него да се исели од домот, таа нема жива да излезе од таму, односно „ќе ја изнеселе од дома со нозете напред“.

Со кои дејствија обвинетиот З. Т. сторил кривично дело – **Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 в.в. со ст. 1 од Кривичниот законик**, па согласно со претходно цитираниот член, како и со одредбите од членовите: 4, 32, 35, 39, 40, 41, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ, Судот на обвинетиот му изрекува алтернативна мерка

**У С Л О В Н А О С У Д А**

Со која на обвинетиот му утврдува казна затвор во траење од **3 (ТРИ) МЕСЕЦИ** и истовремено определува дека вака утврдената казна затвор нема се изврши доколку обвинетиот во рок **од 1 (ЕДНА) ГОДИНА,** од правосилноста на пресудата не изврши ново кривично дело.

Оштетената К. Т. за евентуално предјавеното оштетно побарување се упатува тоа да го оствари во граѓанска парница согласно со чл. 114 ст. 2 од ЗКП.

Пример 4.

П Р Е С У Д А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КАЗНЕН НАЛОГ

ОБВИНЕТИОТ:
Л. Д.

В И Н О В Е Н Е

ЗАТОА ШТО:

На ден 8.8.2017 година во 21:00 часот, во семејната куќа лоцирана на ул. ........... во В., при вршење семејно насилство телесно го повредил неговиот син В. Д. на начин што откако обвинетиот не ѝ дозволил на сопругата на оштетениот да вари кафе во кујната, почнал да им се заканува дека ќе ги избрка од куќата, по што го тргнал гезвето од шпоретот, а потоа физички го нападнал оштетениот В. Д. удирајќи го со рацете во пределот на лицето при што му нанел телесни повреди изразени во вид на гребаници по лицето на левиот образ и гребаници на десната потколеница

Со кои дејствија обвинетиот Л. Д од В. сторил кривично дело – Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 в.в. со ст. 1 од КЗ, па согласно со цитираниот член, како и членовите 3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 34, 39, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ, судот му изрекува алтернативна мерка:

УСЛОВНА ОСУДА

Така што му утврдува казна затвор во траење од 3 (ТРИ) МЕСЕЦИ и истовремено определува дека утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 1(ЕДНА) ГОДИНА, сметано од денот на правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело,

Коментар

Од претходно дадената табела и дадените примери видно е дека на предлог на надлежното основно јавно обвинителство, пред основните судови се водени четири кривични постапки за донесување на пресуда со издаден казнен налог, од кои три за кривичното дело Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ и една постапка за кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ, со тоа што судот во сите четири случаи го прифатил предлогот на надлежното основно јавно обвинителство и донел пресуда со која го издал казнениот налог, сите обвинети ги огласил за виновни за предметното кривично дело наведено во предлогот и спрема обвинетите изрекол условна осуда, при што спрема обвинетите утврдил казна затвор како во предлогот, чие извршување е одложено во рок од една година, доколку обвинетиот не стори ново кривично дело.

Имајќи предвид дека се работи за кривични дела што се извршени како акт на семејно насилство, сметаме дека во иднина не треба да се продолжи со ваквата пракса на судот,

туку напротив потребно е судот да не го прифати предлогот на надлежното основно јавно обвинителство, да закаже и одржи главна расправа, да ја сослуша жртвата на семејно насилство, како, на кој начин, под какви услови е извршено семејното насилството од насилникот, дали сето тоа се повторувало, дали тоа е извршено пред децата и слично, а потоа судот да донесе соодветна пресуда и спрема обвинетиот да изрече казна со која ќе биде постигната целта на казнување, како на планот на специјалната така и на планот на генералната превенција.

### в) Профил на сторителите и жртвите

Од извршениот увид во предметите произлегува дека вкупно 29 (дваесет и девет) сторители се од машки пол, додека само 5 (пет) се лица од женски пол (види табела 4). Во сите предмети се јавува по еден обвинет, со исклучок на еден предмет каде што како обвинети се јавуваат две лица. Претходно наведените податоци јасно зборуваат дека како извршители на кривично дело од сферата на семејно насилство се мажите, додека во незначителен дел како обвинети се јавуваат лица од женски пол.

**Табела бр. 4. Пол и број на сторители по суд**

| | Маж | Жена | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Основен суд Скопје 1 | 12 | 3 | 15 |
| Основен суд Велес | 9 | 1 | 10 |
| Основен суд Радовиш | 6 | 1 | 7 |
| Основен суд Гостивар | 2 | 0 | 2 |
| ВКУПНО | 29 | 5 | 34 |

По националност, сторителите се мнозинство од македонска етничка припадност (30, 25 мажи и 5 жени), а многу малку се застапени од националностите, односно Роми (2 мажи), Албанци (1 маж) и Турци (1 маж ). Според местото на живеење, мнозинството живее во град (29, 25 мажи и 4 жени) и пет (5, 4 мажи и 1 жена) живеат на село. Според возраста, најчесто сторителите се на возраст од 41 до 50 години (види табела 5).

**Табела бр. 5. Возраст и пол на сторители**

| Возрасни групи | Маж | Жена | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 18 до 30 години | 6 | 1 | 7 |
| 31 до 40 години | 4 | 1 | 5 |
| 41 до 50 години | 9 | 2 | 11 |
| 51 до 60 години | 5 | 1 | 6 |
| Над 60 години | 5 | 0 | 5 |
| Вкупно | 29 | 5 | 34 |

Според степенот на образование, сторителите најчесто се со завршено средно образование (15), а потоа следуваат оние со основно и незавршено основно образование (види табела 6).

**Табела бр. 6. Образование и пол на сторителите**

| Вид на образование | Маж | Жена | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Незавршено основно образование | 4 | 0 | 4 |
| Основно образование | 6 | 0 | 6 |
| Средно образование | 12 | 3 | 15 |
| Високо образование | 2 | 1 | 3 |
| Нема наведено | 5 | 1 | 6 |
| Вкупно | 29 | 5 | 34 |

Најголем број од сторителите не биле претходно осудувани, односно 26. Дел од нив, односно осум (8) биле претходно осудувани и на еден сторител му била изречена привремена мерка за заштита. Половина од сторителите имале бранител во текот на постапката (17), а половина немале (17).

**Табела бр. 7. Сторители по кривични дела и пол**

| Кривично дело | Маж | Жена | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 | 14 | 2 | 16 |
| Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 | 3 | 2 | 5 |
| Убиство од чл. 123 ст. 2 точка 2 | 2 | 1 | 3 |
| Убиство од чл. 123 ст. 2 точка 2 в.в. чл. 19 | 3 | 0 | 3 |
| Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 | 7 | 0 | 7 |
| Вкупно | 29 | 5 | 34 |

Според податоците од судските постапки, најчесто сторител на семејно насилство е маж од македонска национална припадност на возраст од 41 до 50 години, претходно неосудуван со завршено средно образование и живее во град.

Исто така, од прибраните податоци сосема јасно произлегува дека најчесто жртви на семејно насилство се жените, односно од вкупно 35 жртви, 28 се жени и 7 се лица од машки пол (види табела 8). Најголемиот број на жртви живеат во град (30, 6 мажи и 24 жени), а само пет (2 мажи и 3 жени) живеат на село. Според етничка припадност, 31 жртва е од македонска националност (8 мажи и 23 жени) и по една жртва е од ромска и

албанска (2 жени) национална припадност, додека две жени се со турска национална припадност.

**Табела бр. 8. Пол и број на жртви на семејно насилство**

| | Маж | Жена | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Основен суд Скопје 1 | 3 | 11 | 14 |
| Основен суд Велес | 1 | 11 | 12 |
| Основен суд Радовиш | 3 | 4 | 7 |
| Основен суд Гостивар | 0 | 2 | 2 |
| Вкупно | 7 | 28 | 35 |

Според возраста, најмногу се застапени жртвите со над 60-годишна возраст. Но, сепак се забележува дека се застапени и жртви од сите возрасни групи, па дури има и двајца малолетници (види табела 9).

**Табела бр. 9. Возраст и пол на жртвите**

| Возрасни групи | Маж | Жена | Број на жртви |
|---|---|---|---|
| Под 18 години | 1 | 1 | 2 |
| 18 до 30 години | 1 | 3 | 4 |
| 31 до 40 години | 0 | 3 | 3 |
| 41 до 50 години | 1 | 3 | 4 |
| 51 до 60 години | 0 | 2 | 2 |
| Над 60 години | 2 | 10 | 12 |
| Нема наведено | 3 | 5 | 8 |
| Вкупно | 8 | 27 | 35 |

Нема податоци за образованието на жртвата. Ниту една од жртвите немала придружник во текот на постапката. Дел од нив имале полномошник, односно 10 жртви, а повеќето, односно 25 немале. Согласно со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, предвидена е можност жртвата на семејно насилство да има придружник во постапките за заштита[1]. Од податоците е видливо дека поголемиот број жртви што немале можност да имаат полномошник, немале ни придружник во постапката. За надминување на оваа состојба предлагаме судот во секоја постапка во која жртвата нема полномошник, во поканата за главната расправа и сè до отпочнување на главната расправа да ја поучи жртвата за оваа можност.

[1] Чл. 9 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.

**Табела бр. 10. Жртви по кривични дела и пол**

| Кривично дело | Маж | Жена | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 | 4 | 12 | 16 |
| Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 | 1 | 3 | 4 |
| Убиство од чл. 123 ст. 2 точка 2 | 2 | 3 | 5 |
| Убиство од чл. 123 ст. 2 точка 2 в.в. чл. 19 | 1 | 2 | 3 |
| Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 | 0 | 7 | 7 |
| Вкупно | 8 | 27 | 35 |

Според податоците од судските постапки, жртва на семејно насилство најчесто е жена на над 60-годишна возраст која живее во град и е од македонска национална припадност.

Податоците во однос на релацијата помеѓу жртвата и сторителот на семејно насилство (види табела 11) јасно укажуваат дека семејното насилство најчесто се врши на релација сопруг – сопруга, односно како извршител на семејно насилство во 16 случаи се јавува сопругот, додека само во два (2) случаи како извршител за јавува сопругата. Потоа, податоците зборуваат дека насилството на релацијата мајка – син, односно мајка – ќерка е второ по застапеност, односно во шест (6) случаи. Во два случаи таткото бил жртва од страна на синот, а во еден случај на насилство свекрвата била жртва од снаата.

Исто така, од прибраните податоци видно е извршено семејно насилство од страна на родителите врз децата, и тоа во четири случаи.

Во предметите има еден случај во кој девојката била жртва од страна на нејзиното момче и еден случај во кој целото семејство на жртвата (татко, мајка и сестра) биле убиени од страна на нејзиниот сопруг, односно зетот на убиените.

**Табела бр. 11. Релација помеѓу жртвата и сторителот на семејно насилство**

| Релација | Број на случаи |
|---|---|
| Сопруга – сопруг | 16 |
| Сопруг – сопруга | 2 |
| Мајка – син | 5 |
| Мајка – ќерка | 1 |
| Ќерка – мајка | 1 |
| Син – татко | 2 |
| Татко – син | 2 |
| Син – мајка | 1 |
| Свекрва – снаа | 1 |
| Девојка – момче | 1 |
| Мајка, татко и сестра на жртвата – зетот/мажот на жртвата | 1 |
| Вкупно | 33 |

## ДОЛЖИНА И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ

Брзината на постапувањето на надлежните институции е клучна во навремено обезбедување на кривичната заштита на жртвите. Оттаму, го анализиравме бројот на рочишта во судските предмети за заштита од семејно насилство, причините за нивно одложување и времетраењето на секоја одделна фаза од првостепената постапка, како и времетраењето до правосилноста – жалбената постапка.

### а) Број на одржани рочишта

Во најголемиот број предмети (14) било одржано едно судско рочиште и веднаш била донесена одлука од страна на судот, додека во четири случаи не се одржало рочиште, бидејќи била донесена пресуда врз издаден казнен налог. Во пет (5 ) предмети одржани се по две рочишта; во четири (4) предмети се одржале по три рочишта; во три (3) предмети се одржале по 4 рочишта; и во три (3) предмети се одржале повеќе од 4 рочишта (види табела 12).

**Табела бр. 12. Број на одржани рочишта по предмети и суд**

| | ОС Скопје 1 – Скопје | ОС Велес | ОС Радовиш | ОС Гостивар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Не се одржало рочиште (казнен налог) | 3 | 1 | / | / | 4 |
| Едно рочиште | 6 | 2 | 6 | / | 14 |
| Две рочишта | / | 4 | 1 | / | 5 |
| Три рочишта | 3 | 1 | / | / | 4 |
| Четири рочишта | 1 | 1 | / | 1 | 3 |
| Повеќе од 4 рочишта | 1 | 1 | / | 1 | 3 |
| Вкупно | 14 | 10 | 7 | 2 | 33 |

**Табела бр. 13. Број на одржани рочишта и вид на водена постапка**

| | Редовна | Скратена | Казнен налог | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Не се одржало рочиште (казнен налог) | / | / | 4 | 4 |
| Едно рочиште | 1 | 13 | / | 14 |
| Две рочишта | 1 | 4 | / | 5 |
| Три рочишта | 2 | 2 | / | 4 |
| Четири рочишта | 1 | 2 | / | 3 |
| Повеќе од 4 рочишта | 1 | 2 | / | 3 |
| Вкупно | 6 | 23 | 4 | 33 |

**Табела бр. 14. Вид на кривично дело и број на одржани рочишта во постапката водена за ова кривично дело**

| | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | <4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Физичко | | | | | | |
| Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 | 1 | 9 | 3 | 1 | 1 | 1 |
| Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 | / | 4 | / | / | / | / |
| Убиство од чл. 123 ст. 2 точка 2 од КЗ | / | 1 | / | / | 1 | 1 |
| Убиство од чл. 123 ст. 2 точка 2 од КЗ в.в. чл. 19 | / | / | 1 | 2 | / | / |
| Психичко | | | | | | |
| Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ | 3 | 1 | 1 | 1 | / | 1 |
| Присилба од чл. 139 ст. 2 | / | / | / | / | / | / |
| Противправно лишување од слобода од чл. 140 ст. 2 | / | / | / | / | / | / |
| Сексуално | | | | | | |
| Силување од чл. 186 | / | / | / | / | / | / |
| Обљуба со злоупотреба на положбата од чл. 189 ст. 2. | / | / | / | / | / | / |
| Посредување во вршење проституција од чл. 191 ст. 3 | / | / | / | / | / | / |
| ВКУПНО | 4 | 15 | 5 | 4 | 2 | 3 |

Во вкупно 15 предмети имало одложување на кривичната постапка, односно биле одржани повеќе рочишта во текот на постапката пред судот. Одложувањето се должело на повеќе причини (види табела 15).

**Табела бр. 15. Причини за одложување на постапката**

| | Број на предмети |
|---|---|
| Отсуство на обвинет | 9 |
| Отсуство на бранител или по барање на бранител на обвинетиот | 5 |
| Отсуство на оштетена | 4 |
| Отсуство на сведок | 4 |
| Отсуство на вештак | 4 |
| Отсуство на судија | 3 |
| Отсуство на ОЈО | 2 |
| Отсуство на полномошник на оштетена | 1 |
| Барање за изземање на судија | 1 |
| Барање за изземање на ОЈО | 1 |
| Повикување на вештак | 1 |
| Поради завршни зборови | 1 |
| Неможност да се снима и подготви стенограм | 1 |
| Неподготвена техничка опрема за компјутерско репродуцирање | 2 |
| Штрајк на администрација | 1 |

Најчеста причина за одложување на постапката било отсуството на обвинетиот. Во вкупно девет (9) предмети, судењето било одложено поради отсуството на сторителот на семејно насилство. Отсуството на неговиот бранител, односно барањето на бранителот расправата да биде одложена поради подготовка или други судења е втора причина по застапеност (5). Потоа следува отсуството на оштетената, сведоците и вештаците, што било причина за одложување во четири (4) предмети. Отсуството на судијата било причина за одложување на рочиштата во три (3) предмети, како и отсуството на ОЈО во два (2) предмети.

Од претходните табеларни податоци можеме да констатираме дека за кривичните дела што се извршени како акт на семејно насилство, а за кои според КЗ е предвидена казна затвор над пет години или казна доживотен затвор и се води редовна постапка, бројот на закажаните и одржаните расправи е сведен на задоволително ниво, посебно имајќи го предвид фактот дека се работи за тешки кривични дела за чие пресудување на главната расправа најчесто се изведуваат поголем број докази и се сослушуваат вештаци од соодветни профили што неопходно води до одложување на главната расправа.

Оттука се наметнува потребата од преземање на мерки за навремено присуство на вештите лица на самата главна расправа, бидејќи најчеста причина за нејзино одлагање за овој вид на кривични дела е недоаѓањето на вештото лице на главната расправа поради негов распит.

Исто така од податоците во табелите видно е дека судот за кривични дела извршени како акт на семејно насилство, за кои според КЗ е предвидена казна затвор до три години, односно пет години и за кои според Законот за кривична постапка се води скратена постапка, во најголем број од предметите главната расправа ја започнал и ја завршил на едно рочиште (во 13 предмети) и изрекол пресуда со која обвинетиот го огласил за виновен за предметното кривично дело и го казнил според закон. Воедно, не е мал и бројот на предметите каде што главната расправа била одложувана по неколку пати (во 6 предмети на четири или повеќе рочишта). Имајќи го предвид фактот дека сите докази што треба да бидат изведени на главната расправа странките се должни да ги предложат до започнување на главната расправа, потребно е судот да ги преземе сите потребни дејствија главната расправа да започне и да се заврши на едно рочиште. Имено, судот не треба да чека на самата главна расправа да констатира дека обвинетиот, сведоците и вештаците не биле уредно поканети и расправата да ја одложи, туку, напротив, во такви случаи треба да ги искористи сите дозволени законски средства за да се обезбеди присуство на обвинетиот, сведоците или вештакот и расправата да се одржи и заврши по можност на една расправа на која веднаш би била изречена и објавена пресудата. Ова е потребно од причина што од добиените податоци сосем е видно дека во најголем број од случаите главната расправа е одложена поради неприсуство на обвинетиот, кој бил или не бил уредно повикан, а притоа од страна на судот не е преземено ништо со цел да се обезбеди негово присуство, на пример да му биде пратена друга покана или пак доколку е уредно повикан, но пред самата главна расправа не се јави ниту го оправда своето отсуство, веднаш да се издаде наредба за негово присилно спроведување во истиот ден.

**Пример од судска пракса**

Во еден предмет што се водел пред Основниот суд Скопје 1 –Скопје за кривично дело загрозување на сигурноста, првостепената постапка пред судот за донесување на пресуда траела многу долго. Обвинението било поднесено на 4.1.2016 година, првата главната расправа била закажана за 1.3.2016, а пресудата е донесена на 25.12.2017 година. Имено, првата главна расправа била одложена поради неприсуство на бранителот на обвинетиот за 19.4.2016 година, која исто така била одложена за 9.6.2016 година, но сега поради неприсуство на сведоци на одбраната. Расправата на 9.6.2016 година била одложена поради немање технички услови за репродукција на ЦД, па поради тоа расправата била повторно презакажана за јули 2016 година. Поради неможност за компјутерска репродукција и оваа расправа е одложена за месец септември 2016, а потоа од истите причини за месец октомври 2016 година.

Поради истекот на 90 дена, расправата што била закажана за 20.10.2016 година е одлучено да отпочне од почеток, меѓутоа таа е одложена по барање на одбраната поради присуство на бранителот на обвинетиот на друга расправа по друг предмет. Расправата е одложена за ноември 2016 година, која пак повторно е одложена по барање на бранителот на обвинетиот и закажана за месец декември 2016 година. Оваа расправа е одложена поради неприсуство на сведокот на одбраната од наводно здравствени причини. Судот закажал следна расправа во јануари 2017 година и таа е одложена поради неприсуство на истиот сведок. Од непознати причини расправата е одложена во месец мај 2017 година, кога воедно е одлучено поради истекот на 90 дена расправата да почне повторно. Оваа расправа е одложена поради барање на одбраната за изземање на застапникот на обвинението и е закажана за месец јуни 2017 година. Расправата во јуни е одложена поради немање на технички можности таа да се снима и таа е одложена за септември 2017 година. Септемвриската расправа е одложена по барање на застапникот на обвинението поради присуство на друг предмет за октомври 2017. Оваа расправа е одложена поради неприсуство на претходно наведениот сведок за ноември 2017. Расправата закажана за месец ноември 2017 година повторно е одложена поради неприсуство на сведокот, поради кој впрочем расправата веќе беше одложувана во два наврати. Расправата била закажана за 7 декември 2017 година и поради истекот на 90 дена повторно започнува од почеток. Оваа расправа е одложена по барање на застапникот на обвинението за 18 декември 2017 година заради подготовка на завршни зборови. И оваа расправа е одложена поради неприсуство на застапникот на обвинението. На 25 декември 2017 застапникот на обвинението го повлекол обвинението и судот донел одбивателна пресуда.

**Коментар**

Со самиот факт што расправата три пати почнува од почеток и таа на повеќе наврати е одложувана на подолг временски период, обвинетиот има поголеми можности да врши тортура врз жртвата и таа да се повлече од постапката.

Во конкретниот случај иако жртвата не се повлекла од постапката, на крајот таа резултирала со повлекување на обвинението од обвинителот и донесување на одбивателна пресуда.

Имајќи предвид дека во конкретниот случај се работи за кривично дело за кое е предвидена казна од 6 месеци до 3 години, односно се води скратена постапка, ваквото времетраење на постапката се граничи со релативната застареност за гонење на ова кривично дело, па секакво одлагање на јавната расправа поради немање техничка можност за репродукција или за тонско снимање на главната расправа не треба во иднина да бидат практикувани.

**б) Времетраење на првостепената и жалбената постапка**

Со цел да го утврдиме времетраењето на испорачување на правда за жените што претрпеле семејно насилство, направивме анализа на времетраењето на секоја одделна фаза од првостепената постапка и одделно времетраењето на жалбената постапка до правосилноста на пресудата. Оваа анализа ја направивме одделно за секое кривично дело. Од табеларните прикази подолу видливо е дека за одредени фази од судската постапка не ни беа доставени податоци (означени со нема податоци во табелите). Имено, овие податоци беа избришани од страна на судот во копиите на пресудите, односно решенијата што ни беа доставени на увид.

Податоците за времетраењето на првостепената постапката за кривичното дело телесна повреда (види табела 16) се движи од **44 дена** во Основниот суд Радовиш до **602 дена** во Основниот суд Велес. Основниот суд Велес за разлика од другите судови се издвојува по должината на времетраењето на постапката, односно во овој суд постапката се води од **46 до 602 дена**, при што само една постапка траела под 100 дена, а сите други се над 100 дена. Покрај овој суд, исклучително долга е и единствената постапка што ја водел Основниот суд во Гостивар. Таа траела **507 дена**. Најефикасно постапувал Основниот суд во Радовиш. Споредувајќи го времетраењето на одделните фази на постапката, во фазата од настан до обвинение се движи од 12 дена во Основниот суд Радовиш до 147 дена во Основниот суд Велес, односно во **просек за сите судови оваа фаза траела 54 дена**. Во фазата од обвинение до главна расправа времетраењето се движи од 3 дена во Основниот суд Велес до 341 ден во истиот суд, односно во **просек за сите судови 84 дена**. Од главна расправа до пресуда постапката се одвивала од најмалку 13 дена во Основниот суд Скопје до 226 дена во Основниот суд Велес, односно **во просек за сите судови 51 ден**. Според просекот најкратко траат фазата од главна расправа до пресуда, по што следува фазата од настан до обвинение. Најмногу време е потребно за фазата од обвинение до главна расправа.

За ова кривично дело се водени четири жалбени постапки (види табела 16), и тоа во Основен суд Скопје (1), Основен суд Велес (2) и Основен суд Гостивар (1). Во Основниот суд Скопје е водена жалбена постапка за телесна повреда со загрозување на сигурноста при што од донесувањето на првостепената пресуда до преиначување во Апелациониот суд поминале вкупно **48 дена**. Во Основниот суд Велес жалбената постапка за првото сторено кривично дело за телесна повреда од донесување на првостепената пресуда до потврдување на пресудата на Апелациониот суд поминале вкупно **87 дена**. За второто кривично дело телесна повреда исто така била потврдена првостепената пресуда, при што поминало вкупно **118 дена**. Во Основниот суд Гостивар водена е жалбена постапка (во два наврати) за сторено кривично дело телесна повреда, при што Апелациониот суд два пати ја укинувал пресудата и од датумот на донесување на првостепената пресуда казна затвор до донесување на последната условна осуда поминале вкупно **907 дена**.

**Табела 16. Времетраење на одделните фази од постапката за кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 по суд и предмет**

| Број на предмет | Од настан до обвинение | Од обвинение до главна расправа | Од главна расправа до пресуда | Вкупно до донесување на пресуда | Жалбена постапка до правосилност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Скопје | | | | | | |
| 1. | Нема податок | 55 | 118 | 173 | Не е водена постапка | 173 |
| 2. | Нема податок | 73 | 0* | 73 | Не е водена постапка | 73 |
| 3. | 16 | 18 | 13 | 47 | 48 | 95 |
| Основен суд Радовиш | | | | | | |
| 1. | 34 | 26 | 0 | 60 | Не е водена постапка | 60 |
| 2. | 20 | 37 | 0 | 57 | Не е водена постапка | 57 |
| 3. | 22 | 73 | 0 | 95 | Не е водена постапка | 95 |
| 4. | 12 | 32 | 0 | 44 | Не е водена постапка | 44 |
| Основен суд Велес | | | | | | |
| 1. | 47 | 330 | 0 | 377 | Не е водена постапка | 377 |
| 2. | 94 | 42 | 0 | 136 | Не е водена постапка | 136 |
| 3. 3. | 81 | 60 | 8 | 149 | 87 | 236 |
| 4. 4. | 42 | 86 | 30 | 158 | Не е водена постапка | 158 |
| 5. 5. | 92 | 75 | 0 | 167 | Не е водена постапка | 167 |
| 6. 6. | 147 | 40 | 31 | 218 | 118 | 336 |
| 7. 7. | 35 | 341 | 226 | 602 | Не е водена постапка | 602 |
| 8. 8. | 43 | 3 | 0 | 46 | Не е водена постапка | 46 |
| Основен суд Гостивар | | | | | | |
| 1. | 72 | 50 | 385 | 507 | 906 | 1.413 |

**Напомена: времетраењето за оние фази од постапката каде што не сме добиле податок во табелата е означено со нема, додека онаму каде што воопшто нема времетраење, тоа е означено со 0.**

**Пример од судска пракса**

Во еден предмет што се водел пред Основниот суд Неготино за кривично дело телесна повреда, првостепената постапка пред судот за донесување на пресуда траела исклучително долго. Настанот се случил во месец април 2016 година, до судот навремено е поднесено обвинение во месец мај 2016 година, а судот закажал прва главна расправа дури во април 2017 година. Времетраењето од една година од поднесување на обвинение до главна расправа се должи на боледување на судијата задолжен за овој предмет. По поднесено барање од Основниот суд Неготино до Апелациониот суд Скопје, предметот го презел Основен суд Велес. Во октомври 2017 се одржала првата главна расправа пред Основниот суд Велес, која била одложена поради обвинетиот и оштетениот. Во месец ноември 2017 година, повторно е одложено судењето, имено судот бил известен од страна на МВР дека обвинетиот е на издржување казна затвор во Италија. Во декември 2017 година е донесена условна осуда. Вкупното времетраење на првостепената постапка за овој предмет изнесува 602 дена.

**Коментар.** Во вакви случи кога главната расправа не може да се закаже и одржи поради објективно отсуство на судијата што суди, а се очекува подолготрајно отсуство на судијата што суди поради објективни околности, со цел главната расправа да се закаже, одржи и да биде донесена пресуда, потребно е претседателот на судот да ги преземе сите потребни мерки, веднаш предметот да го распредели на друг судија да постапува по предметот, а доколку во тој суд нема доволен број на судии, како што е и во конкретниот случај, потребно е веднаш да се бара по истиот кривичен предмет да биде определено да постапува друг стварно надлежен суд, со што кривичната постапка би завршила за краток временски рок, обвинетиот би се извел пред суд или би му се судело во отсуство, доколку се исполнети законските претпоставки, што на крај би резултирало со изрекување на соодветна законска казна.

Главната расправа во двата случаи била одложена поради неприсуство на застапник на обвинението. Имајќи предвид дека се работи за кривични дела извршени како акт на семејно насилство за кои се води скратена постапка, се предлага во иднина обвинението да се одреди да го застапува друг јавен обвинител од истото обвинителство истиот ден, а не главната расправа да се одлага. Ова е потребно поради фактот што за овие кривични дела се води главна расправа на која не се изведуваат голем број докази и на еден јавен обвинител за ваков вид на кривични дела не му е потребна посебна подготовка.

**Пример од судска пракса**

Во еден предмет кој се водел пред Основниот суд Гостивар за кривичното дело телесна повреда, постапката што се водела до донесувањето на правосилна пресуда била исклучително долга. Станува збор за предмет во кој во два наврати била водена жалбена постапка, со што вкупното времетраење на оваа кривична постапка изнесувало скоро четири години. Имено, настанот се случил во месец јуни 2012 година, по што од ОЈО до основниот суд е доставено обвинение во месец септември 2012 година. Основниот суд ја закажал првата главна расправа во месец октомври 2012 година, која била одложена поради неприсуство на ОЈО, оштетената и нејзиниот полномошник. Во месец декември е закажано второто рочиште, кое повторно било одложено поради отсуство на ОЈО, обвинетиот и неговиот бранител (исто така и судијата бил на обука). Во месец јануари 2013 година се одржало трето рочиште, кое повторно било одложено поради неприсуство на ОЈО, обвинетиот и неговиот бранител, кои биле уредно повикани, како и оштетената (неуредно) и нејзиниот полномошник (уредно повикан). Следното судско рочиште (4-то) се одржало во месец март 2013 година и повторно било одложено поради неприсуство на оштетената, која уредно била повикана. Во месец мај рочиштето било одложено по барање на полномошникот на оштетената, која била отсутна – во странство, а пак останатите биле присутни. Во месец јуни повторно имало судско рочиште, кое било одложено поради истите причини. Во месец јули 2013 година на рочиштето биле сите присутни, освен судијата, кој тој ден, постапувал по друг предмет. Расправата е одложена за месец октомври, по што поради отсуство на ОЈО заради влошена здравствена била презакажана за месец ноември 2013 година. На рочиштето во ноември, отсутен бил ОЈО, меѓутоа донесена е осудителна пресуда казна затвор од 6 месеци.

Оваа пресуда била обжалена од страна на обвинетиот, по што апелационен суд ја укинал првостепената пресуда и го вратил предметот на повторно одлучување во првостепениот суд. Во месец мај 2014 година било закажано рочиште пред првостепениот суд, на кое биле сите присутни и кое било одложено поради барањето на оштетената и полномошникот да се спојат двете кривичните постапки што се водат за исто кривично дело (полномошникот на оштетената имал поднесено пријава до ОЈО, покрај пријавата поднесена од полиција). Во јуни 2014 повторно е одложено рочиштето поради годишен одмор на судијата. На следното рочиште во месец септември 2014 бил отсутен ОЈО и тоа било одложено поради распит на сведоци и вешто лице. Следното рочиште, кое се одржало во месец октомври, повторно било одложено поради неприсуство на вештото лице. На крај на месец октомври 2014 година е одржана главна расправа и е донесена повторно првостепена пресуда казна затвор од 6 месеци.

Во месец јануари 2015 година обвинетиот повторно поднел жалба против изречената првостепена пресуда. Апелациониот суд во месец ноември 2015 година повторно ја укинал првостепената пресуда и го вратил предметот на повторно одлучување во основниот суд. Основниот суд во месец јануари и февруари 2016 година закажал две

рочишта, кои биле одложени поради неприсуство на оштетената (одбила да ја прими поканата). Во месец март судењето било одложено поради штрајк на администрацијата. Во месец мај имало едно одложување поради завршни зборови, по што основниот суд донел осудителна пресуда условна осуда, која воопшто не била обжалена од страна на ОЈО или оштетената.

**Коментар**

Ваквото траење на кривичната постапка воопшто не е дозволено бидејќи со ваквото постапување од страна на првостепениот и второстепениот суд воопшто не само што не се дава соодветна кривична заштита на жртвата на семејно насилство, туку се испраќа и лоша порака спрема извршителите на кривични дела сторени како акт на семејно насилство дека тие слободно можат да вршат ваков вид на кривични дела, бидејќи кривичната постапка спрема нив ќе трае до недоглед, а пак жртвата на семејно насилство поради долгото траење на кривичната постапка ќе биде принудена да се откаже од секаква заштита само за да не биде повторно виктимизирана, односно принудувана повеќе години со ред да се јавува на поканите за главна расправа пред суд. Кривичната постапка за кривични дела што се извршени при вршење на семејно насилство е итна. Не е дозволено или во крајна мера треба да биде исклучок, главната расправа да се одлага за период од два месеца и повеќе до наредната расправа. Имено, доколку кривичната постапка нужно треба да се одложи, тоа би требало да се направи за краток временски рок со цел да се изведат потребните докази на расправата. Во никој случај главната расправата не треба да биде одложена поради технички пречки, бидејќи судот е должен таквите да ги отстрани, посебно поради технолошките можности со кои судот располага. Воедно, не треба да се дозволи отпочнување на кривичната постапка од почеток, поради проток на временски период од 60 дена, особено што во конкретниот случај се работи за кривично дело извршено како акт на семејно насилство, за кое според закон се води скратена постапка.

Во однос на првостепената постапка за кривичното дело тешка телесна повреда (види табела 17), постапката до донесување на пресудата трае од **14 дена во Основниот суд Скопје до 171 ден** во истиот суд. Првата фаза од постапката, односно од настан до обвинение трае од 5 дена во Основниот суд Скопје до 116 дена во истиот суд. Во просек оваа фаза трае **65 дена**. Втората фаза, односно од обвинение до главна расправа трае од 9 дена до 77 дена во Основниот суд Скопје. Просекот изнесува **44 дена**. Третата фаза, односно од главна расправа до пресуда поради признание на вина на обвинетиот во три од предметите и поради добрата подготовка на главната расправа (прибрани докази, присуство на вештаци и присутност на сите лица) на четвртиот предмет, постапката се завршила на едно рочиште, односно веднаш. Од ова произлегува дека првите две фази се најдолги. Во ниту еден од предметите не е водена жалбена постапка.

**Табела 17. Времетраење на одделни фази од постапката за кривичното дело Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 по суд и предмет**

| Бр. на предмет | Од настан до обвинение | Од обвинение до главна расправа | Од главна расправа до пресуда | Вкупно до донесување на пресуда | Жалбена постапка до правосилност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Скопје | | | | | | |
| 1. | 5 | 9 | 0 | 14 | Не е водена постапка | 14 |
| 2. | 78 | 77 | 0 | 155 | Не е водена постапка | 155 |
| 3. | 116 | 55 | 0 | 171 | Не е водена постапка | 171 |
| Основен суд Радовиш | | | | | | |
| 1. | 60 | 34 | 0 | 94 | Не е водена постапка | 94 |

Постапувањето на првостепениот суд за кривичното дело – убиство во начело е долго (види табела 18), односно се движи од **345 до 360 дена**. Првата фаза е со времетраење од 172 до 298 дена, односно **во просек 215 дена**. Втората трае од 47 до 62 дена, односно во **просек 57 дена** и третата фаза трае од 121 до 124 дена, односно во **просек 82 дена**. За разлика од другите дела, кај кривичното дело убиство најдолги се првата и третата фаза. За ова дело водени се жалбени постапки во два судски предмети, една во Основниот суд Велес и една во Основниот суд Гостивар. Во жалбената постапка во Основниот суд Велес од донесување на првостепената пресуда до преиначување (зголемувањето на казната) од Апелациониот суд поминале вкупно **198 дена**. Во Основниот суд Гостивар жалбената постапка за сторено кривично дело убиство од донесување на првостепеното решение мерка безбедност до потврдување на решението од Апелациониот суд поминале вкупно **174 дена**.

**Табела 18. Времетраење на одделни фази од постапката за кривичното дело Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2 по суд и предмет**

| Бр. на предмет | Од настан до обвинение | Од обвинение до главна расправа | Од главна расправа до пресуда | Вкупно до донесување на пресуда | Жалбена постапка до правосилност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Скопје | | | | | | |
| 1. | 298 | 47 | 0 | 345 | Не е водена постапка | 345 |
| Основен суд Велес | | | | | | |
| 1. | 174 | 62 | 124 | 360 | 198 | 558 |
| Основен суд Гостивар | | | | | | |
| 1. | 172 | 62 | 121 | 355 | 174 | 529 |

Постапувањето за првостепениот суд за убиство во обид трае од **163 дена до 516 дена** (види табела 19). Првата фаза трае од 85 дена во Основниот суд Скопје до 369 дена во Основниот суд Велес или во просек **251 ден**. Втората трае од 47 до 101 ден или во просек **66 дена**. Третата фаза трае од 28 до 46 дена или во просек **25 дена**. Убедливо најдолго трае првата фаза, односно од настан до обвинение. Што се однесува до жалбената постапка за ова кривично дело, ваква постапка се водела во Основниот суд Скопје. Во жалбената постапка за сторено кривично дело убиство во обид, од донесување на првостепената пресуда до донесување на правосилната пресуда поминале вкупно **640 дена**.

**Табела 19. Времетраење на одделни фази од постапката за кривичното дело Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 по суд и предмет**

| Бр. на предмет | Од настан до обвинение | Од обвинение до главна расправа | Од главна расправа до пресуда | Вкупно до донесување на пресуда | Жалбена постапка до правосилност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Скопје | | | | | | |
| 1. | 85 | 50 | 28 | 163 | 640 | 803 |
| 2. | 298 | 47 | 0 | 345 | Не е водена постапка | 345 |
| Основен суд Велес | | | | | | |
| 1. | 369 | 101 | 46 | 516 | Не е водена постапка | 516 |

И кај кривичното дело загрозување на сигурноста првостепената постапка траела од **1 до 714 дена** (види табела 20). Првата фаза се движи од 15 до 205 или **во просек 116 дена**. Втората фаза се движи од 7 дена до 67 дена или во **просек 34 дена** и третата фаза траела од 1 до 659 дена или **во просек 101 ден**. Првата и третата фаза се со најдолго времетраење. За ниту еден од предметите не е водена жалбена постапка.

**Табела 20. Времетраење на одделни фази од постапката за кривичното дело Загрозување на сигурност од чл. 144 ст. 2 по суд и предмет**

| Бр. на предмет | Од настан до обвинение | Од обвинение до главна расправа | од главна расправа до пресуда | Вкупно до донесување на пресуда | Жалбена постапка до правосилност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Скопје | | | | | | |
| 1. | 199 | 7 | 0 | 206 | Не е водена постапка | 206 |
| 2. | Нема податок | 55 | 659 | 714 | Не е водена постапка | 714 |
| 3. | Нема податок | 0 | 1 | 1 | Не е водена постапка | 1 |
| 4. | Нема податок | 21 | 0 | 21 | Не е водена постапка | 21 |
| 5. | 205 | 67 | 20 | 292 | Не е водена постапка | 292 |
| Основен суд Радовиш | | | | | | |
| 1. | 44 | 54 | 30 | 128 | Не е водена постапка | 128 |
| 2. | 15 | 32 | 0 | 47 | Не е водена постапка | 47 |

Од сите претходно наведени податоци произлегува дека во просек најголемо времетраење при процесирање на случаите на семејно насилство до жалбената постапка минува од случување на настанот до поднесување на обвинение, односно во првата фаза на постапката. Оваа фаза во просек трае 140 дена или тоа претставува 56 % од постапката (види табела 21). Ова укажува дека временскиот период на случувањето на кривичноправниот настан до поднесување на обвинение битно влијае на кривичноправната заштита на жените што претрпеле насилство, поради што се јавува потреба од комплетирање на стручни тимови во полицијата кои исклучиво ќе бидат едуцирани и ќе работат на откривање и брзо процесирање на овие предмети. Од друга

страна, втората и третата фаза кои поединечно траат 57, односно 52 дена, заедно претставуваат 44 % од вкупното времетраење на првостепената постапка (види табела 21). Доколку се земе предвид дека и двете фази зависат од работењето на судовите, тоа значи дека скоро половина од времетраењето на целата постапка зависи од судот. Доколку анализата ја правиме за секое одделно кривично дело, од просечното времетраење на првостепената постапка може да се согледа дека во просек најдолго траат постапките за кривичните дела убиство во обид и убиство. Сето ова се должи на фактот што се работи за кривични дела за кои се води редовна постапка и за чие пресудување потребно е и се изведуваат голем број докази, вршени се вештачења, вршено е распит на вешти лица на самата главна расправа, а во ниту еден случај немало признание на вина.

За кривичното дело Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ, постапката траела подолго, како резултат на одлагање на главната расправа при непреземени соодветни мерки за присуството на обвинетиот на главната расправа.

Во однос на просечното времетраење на **жалбените постапки**, односно за времето поминато од првостепената пресуда до правосилноста, податоците говорат дека најмалку жалбената постапка траела 47 дена по предмет на Основниот суд Скопје, а најдолго 907 дена по предмет на Основниот суд Гостивар (види табели 16, 17, 18 и 19). Податоците јасно зборуваат дека надлежното јавно обвинителство со вложениот мал дел на жалби против донесените пресуди, директно ја потврдува и одобрува благата казнена политика на судот во однос на кривичните дела извршени како акт на семејно насилство, со која блага казнена политика во целост не се спречуваат другите да не вршат ваков вид на кривични дела. Кога ќе го додадеме просечното времетраење на жалбената постапка (табела 21) на просечното времетраење на првостепената постапка, состојбата во однос на тоа за кое кривично дело во просек најмногу трае постапката се менува. Односно, вкупно со жалбената постапка на прво место сè уште е убиството во обид, но втора по просечно времетраење е постапката за телесна повреда, една од најчестите постапки, па дури потоа постапката за убиство.

Сето претходно наведено јасно зборува дека има потреба од специјализирање на судии што ќе постапуваат при пресудувањето на кривичните дела што се извршени како акт на семејно насилство и постојана едукација на тие судии во оваа област.

**Табела 21. Просечно времетраење за секоја од фазите по кривични дела изразено во денови**

| | Телесна | Тешка телесна | Убиство | Убиство во обид | Загрозување на сигурноста | Просек за сите дела по фази |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 фаза | 54 | 65 | 215 | 281 | 116 | 140 |
| 2 фаза | 84 | 44 | 57 | 66 | 34 | 57 |
| 3 фаза | 51 | 0 | 82 | 25 | 101 | 52 |
| Просек за секое кривично дело до жалбена постапка | 189 | 109 | 354 | 372 | 251 | 249 |
| Жалбена постапка | 480 | не е водена | 285 | 640 | не е водена | 468 |
| Вкупно за секое кривично дело до правосилноста | 669 | 109 | 639 | 1 012 | 251 | 717 |

Од податоците наведени во табелата јасно може да се согледа дека постапката за кривичното дело Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 од КЗ траела најкратко, меѓутоа сето ова се должи на фактот дека и во двата случаи пресудите биле донесени врз основа на признание на вина, во кои случаи на главната расправа се изведуваат докази само во однос на видот и висината на казната што треба да биде изречена спрема обвинетиот и поради сето тоа постапката траела најкратко.

На судот му останува да ги преземе сите потребни дејствија, во рамките на законот, за намалува на времетраењето на кривичната постапка за сите видови на кривични дела сторени како акт на семејно насилство бидејќи само со таков начин на постапување ќе се обезбеди навремена и адекватна кривична заштита на жртвите на семејно насилство.

## ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПОСТАПКАТА

Повлекувањето на предлогот за гонење од страна на жртвата и повлекувањето на обвинението од страна на јавното обвинителство во случаите/предметите на семејно насилство значат запирање на постапката и неказнување на сторителите на насилство. Оттаму, посебен предмет на интерес ни беше повлекувањето на предлогот за гонење од страна на жртвата кај кривичното дело телесна повреда и утврдување на потребата од измена на кривичниот прогон за ова кривично дело, односно зацврстување на општествената реакција кон овој вид на насилство. Патем, овој вид на насилство е еден од најчестите.

**а) Повлечен предлог за кривично гонење**

Од добиените податоци од оваа анализа евидентно е дека најзастапено е кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2. Ова кривичното дело не смее да се гледа како изолиран инцидент бидејќи најчесто пред и по случувањето на таков кривичноправен настан постои психичко насилство спрема жртвата на семејно насилство, нејзино тешко навредување од страна на насилникот, проследено со сериозни закани за напад врз нејзиниот живот и тело, што кај жртвата на семејно насилство најчесто резултира со психичко растројство, проследено со депресија. Кривичниот прогон за ова кривично дело се врши по службена должност, но по претходен даден предлог на жртвата на семејно насилство.

Од поведени 16 кривични постапки за кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2, во пет (5) случаи кривичните постапки против сторителите на ова кривично дело биле запрени поради повлекување на предлогот за кривичен прогон од страна на жртвата на семејно насилство пред започнување на главната расправа, односно една третина (30 %) од кривичните постапките за ова кривично дело. Две од постапките биле запрени пред Основниот суд Скопје и три пред Основниот суд Радовиш. Тоа значи дека во овие постапки сторителите останале неказнети.

Ако овој податок се спореди со бројот на изречените условни осуди за ова кривично дело (во сите 11 постапки изречени се 11 условни осуди, а во ниту еден случај не е изречена ефективна казна затвор) се добива поразителен податок дека жртвата на семејно насилство за ова кривично дело или ќе биде принудена со притисок или со ново грубо насилство од страна на насилникот да го повлече предлогот за кривичен прогон или доколку не го повлече предлогот, тогаш судот секако на насилникот ќе му изрече алтернативна мерка. Ова нè води кон заклучокот дека заштитата што се дава за жртвите на семејно насилство за овој вид на кривично дело што најчесто се користи како основа за заштита од жртвата е сведена на најниско можно ниво.

Оттаму, потребно е законска измена на член 130 ст. 4 во кој зборовите: „а за став 2 по предлог“ да се бришат и на тој начин кривичниот прогон за ова кривично дело ќе се презема по службена должност без да се бара претходно предлог на жртвата на семејно насилство. На овој начин ќе се обесхрабри насилникот и другите лица да вршат притисок врз жртвата на семејно насилство за повлекување на предлогот за кривичен прогон. Односно, жртвата ќе нема законска можност такво нешто да чини, од една страна и од друга страна, секој насилник за вакво сторено кривично дело задолжително ќе биде изведен пред суд, ќе му се суди и ќе биде осуден. Само на ваков начин на семејните насилници ќе им се упати една јасна законска порака дека за семејното насилство нема оправдување, дека секој што ќе стори семејно насилство, без разлика дали жртвата на семејно насилство продолжила да живее со насилникот или се помириле, дали истакнала имотноправно побарување или не или дали жртвата побарала поблаго казнување или не, насилникот ќе биде изведен пред суд и ќе биде казнет според законот.

б) **Повлечени обвиненија од страна на јавниот обвинител**

И покрај тоа што пред Основниот суд Скопје 1 – Скопје во текот на главната расправа од страна на надлежното јавно обвинителство поради недостиг на докази е повлечено само едно обвинение за кривичното дело Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2, препорачливо е надлежното обвинителство да ги собере сите потребни мериторни докази за кривичноправниот настан и за насилникот на семејно насилство пред поведување на кривичната постапка. Со тоа ќе се избегне повлекување на обвинението против насилникот во текот на главната расправа, бидејќи најчесто во такви случаи насилникот се охрабрува да врши притисок врз жртвата со цел таа да го смени својот исказ на главната расправа, а тој да остане неказнет.

## ИЗВЕДУВАЊЕ ДОКАЗИ

Во оваа анализа даваме и осврт на доказите изведени во текот на постапките за заштита од семејно насилство, односно врз основа на кои се темели одлуката на судот. Исто така, нè интересираше и изведувањето на докази во насока на докажување на отежителните околности, кои пак влијаат врз казнената политика. Во однос на отежителните околности, проверувавме и дали судот изведува докази за околностите предвидени со Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција), иако не е обврзувачка во времето на подготовката на оваа анализа.

Од податоците може да се заклучи дека најчесто како докази на главната расправа се изведува распит на обвинетиот во 15 предмети, па материјални докази во 16 предмети. Покрај нив, се изведувал и исказ на вешто лице во 10 предмети, распит на оштетен во 9 предмети и распит на сведок во 8 предмети.

Имајќи предвид дека вкупниот број на предмети во кои е извршен увид е 33 и дека постапката е запрена пред и во текот на главната расправа во шест (6) случаи, а како доказ на главната расправа во девет (9) случаи жртвата на семејно насилство е распитана, сосем јасно зборува дека во значителен дел од предметите жртвата на семејно насилство на главната расправа повторно се виктимизира. Со цел да се избегне повторна виктимизација на жртвата, препорачливо е надлежното ОЈО доколку располага со доволно докази во однос на стореното кривично дело да избегнува и да не предлага како доказ на главната расправа да биде распитувана жртвата, а доколку предлогот за изведување на доказ со распитот на жртвата побара обвинетиот на главната расправа, судот посебно да го цени таквиот предлог дали е потребно или не во однос на изведените докази и во најголем број случаи таквиот предлог да го одбие. За виктимизација на жртвата пред отпочнување на главната расправа по налог на судијата, кој постапува по предметот, судската полиција треба да спречи какви било контакти на обвинетиот со жртвата, односно и жртвата да биде сместена во посебна просторија, а

доколку нема такви технички можности на обвинетиот да не му се дозволи да се приближи до жртвата на растојание од најмалку 5 метри.

Судот, со цел да му одмери казна на сторителот на кривичното дело сторено како акт на семејно насилство, во границите што се пропишани според закон за тоа дело треба да ги има предвид сите околности што влијаат казната да биде поголема или помала, а спрема обвинетиот да изрече соодветна казна за стореното кривично дело со која ќе се оствари правдата, односно ќе се спречи идно вршење на кривични дела од насилникот и негово превоспитување. Надлежното јавно обвинителство при подигање на обвинение, а со цел спрема обвинетиот да се изрече соодветна казна за стореното кривично дело, потребно е на судот да му предложи да изведе докази во однос на отежителните и олеснителните околности. Како отежителни околности, доколку не се составните елементи на кривичното дело, при одредувањето на санкцијата судот треба да ги смета: дали сторителот претходно има извршено ист вид на кривично дело, односно сродни кривични дела; дали кривичното дело е извршено врз лице што било ранливо заради определени околности; дали кривичното дело е извршено врз или во присуство на дете; дали кривичното дело е извршено од двајца или повеќе луѓе што постапувале заедно; дали на извршувањето на кривичното дело му претходело или е извршено со екстремно ниво на насилство; дали кривичното дело е извршено со употреба или закана од оружје; дали кривичното дело резултирало со тешка физичка или психичка последица за жртвата; и дали сторителот претходно бил осудуван за дело од слична природа.

Наместо од страна на надлежното обвинителство да се приберат и да се предлагаат докази со цел тие да бидат изведени од страна на судот на главната расправа – отежнувачките околности, од извршениот увид видно е дека во голем дел од предметите не се изведувани докази во однос на осудуваноста на обвинетиот. Сè се сведува на кажувањето/исказот на обвинетиот во однос на неговата осудуваност при земање на неговите генералии, особено за кривичните дела за кои се води скратена постапка. Исклучок се предметите што се однесуваат за кривично дело Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2, во кои како доказ е предложен и изведен Извод од казнена евиденција за обвинетиот.

Во однос на степенот на кривичната одговорност на обвинетиот за стореното кривично дело (планирање на кривичното дело, голема упорност при извршувањето на кривичното дело) исто така не се изведувани никакви докази на главната расправа, со тоа што во завршните зборови дадени од страна на јавниот обвинител, паушално, врз основа на ниту еден изведен доказ се наведува дека судот при одмерувањето на казната спрема обвинетиот треба да го има предвид и степенот на кривичната одговорност на обвинетиот за стореното кривично дело без да се предлагаат и изведуваат докази во однос на сето тоа.

Не се изведувани докази ниту во однос на побудите од кои е сторено кривичното дело, односно дали кривичното дело е сторено без повод и причини, со безобѕирно однесување на обвинетиот при извршувањето на кривичното дело, подмолно, од љубомора и завист. Исто така, не се изведувани докази на околностите под кои е

сторено кривичното дело, односно искористување на немоќта на жртвата, поголем број на оштетени без разлика колку од нив истакнале имотноправно побарување или го повлекле предлогот за кривичен прогон.

Докази не се изведувани ни во однос на тоа дали кривичното дело е извршено врз лице кое било ранливо заради определени околности, дали кривичното дело е извршено врз или во присуство на дете, дали кривичното дело е извршено од двајца или повеќе луѓе што постапувале заедно, дали на извршувањето на кривичното дело му претходело или е извршено со екстремно ниво на насилство, дали кривичното дело резултирало со тешки психички последици за жртвата.

**Пример**

Основен суд

ПРЕСУДА

Врз основа на признание на вина

Обвинетиот:

Л. М. невработен, татко на две деца, досега осудуван, постапка за друго кривично дело не се води.

ВИНОВЕН Е

ЗАТОА ШТО:

На ден 21.12.... година, во 23:15 часот во близина на И.... во В., при вршење на семејно насилство телесно ја повредил неговата поранешна партнерка С. Н. од В. на начин што кога оштетената се враќала од работа ја чекал пред зградата кај И. И кога ја видел дека се приближува кон него и приоѓа и со тупаници почнал да ја удира по главата и лицето, потоа ја фатил за косата и почнал да ја влече довлекувајќи ја до еден контејнер кој стоел во непосредна близина, а потоа ја фатил за главата и почнал да ѝ ја удира главата од контејнерот, продолжувајќи да ја удира со тупаници по телото и нозете како последица на кои удари на оштетената ѝ биле нанесени телесни повреди изразени во вид на нагмечување на меките делови на главата, во предлот на јагодичната регија од левата страна, нагмечување на левото очно јаболко, скршеница на носната коска без дислокација, гребаници на кожата на двете подлактици и двете колена.

Со горното дејствие обвинетиот сторил кривично дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ.

Судот спрема обвинетиот изрекол условна осуда, утврдувајќи му казна затвор од 10 месеци, чие извршување е одложено условно во рок од 2 години доколку обвинетиот не стори ново кривично дело.

Оштетената за остварување на имотноправно побарување е упатена на граѓански спор.

Застапникот на обвинението нема предложено да се изведе ниту еден доказ во однос на отежнувачките околности за обвинетиот.

Застапникот на обвинението во завршен збор употребил општа формулација – предложил судот да донесе пресуда врз основа на признание на вина, при што судот да ги цени околностите што влијаат за видот и висината на кривичната санкција.

Обвинетиот во завршен збор изразил каење за извршеното кривично дело без да наведе во што се состои неговото каење.

Судот при одмерување на казната спрема обвинетиот како олеснувачки околности ценел дека во конкретниот случај изостанувале трајни последици од извршеното кривично дело, не се водела друга кривична постапка спрема обвинетиот и дека обвинетиот изразил жалење и каење за извршеното кривично дело без да се наведе во што се состои жалењето и каењето, а воедно судот како олеснувачки околности ценел дека обвинетиот коректно се однесувал во текот на главната расправа, имал придонес кон ефикасно окончување на кривичната постапка, здравствената состојба на членови од неговото потесно семејство била влошена, бил во лоша материјална состојба, бил

разведен – татко на две малолетни деца, без да се наведе дали децата се доделени на чување и воспитување кај него или не, имал оформено средно образование, а како отежнувачки судот ценел дека кривичниот правен настан се случил на јавно место и дека обвинетиот претходно во повеќе наврати ја вознемирувал оштетената за што бил прекршочно казнуван.

Сето претходно наведено е школски пример кога од страна на надлежното јавно обвинителство воопшто не е предлагано изведување на докази во однос на видот и висината на казната спрема обвинетиот, ниту пак такви докази се изведени.

Судот не смеел да ги цени како олеснувачки околности отсуството на трајни последици од извршеното кривично дело бидејќи овој вид на кривично дело за кое обвинетиот е огласен за виновен и казнет според закон воопшто не се бара да постојат никакви трајни последици; наводно изразеното жалење и каење од страна на обвинетиот без да наведе зошто жали и во што се состои неговото каење со реални манифестации дека навистина се кае за стореното кривично дело, не може да биде ценето како олеснувачка околност; лошата материјална и здравствена состојба на члeновите на потесното семејство на обвинетиот исто така не претставуваат олеснувачка околност; фактот дека обвинетиот бил татко на две деца без да се наведе кој ги издржува децата не може да се смета како олеснувачка околност.

Пресудата не е обжалена од ОЈО, ниту од обвинетиот.

## ПРВОСТЕПЕНА ПРЕСУДА

Го анализиравме и епилогот на првостепената постапка, односно видот на одлуката што ја донел судот одлучувајќи во постапката за одделни видови на кривични дела за заштита од семејно насилство.

Од вкупно 28 предмети во кој е извршен увид (види табела 22), само спрема четворица (4) сторители е изречена казна затвор и тоа за едно извршено кривично дело против животот и телото на жртвата на семејно насилство Убиство од чл. 123 ст. 2 т.; едно извршено кривично дело Тешка телесна повреда (чл. 131 ст. 2) и за две дела Телесна повреда (чл. 130 ст. 2). Во 15 случаи е изречена алтернативна мерка (условна осуда) спрема сторителот на кривичното дело сторено како акт на семејно насилство, односно за кривичните дела Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2, Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 и Загрозување на сигурност од чл. 144 ст. 2. Во шест (6) случаи е изречена мерка на безбедност – Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа од чл. 63, еден обвинет е ослободен од обвинение и спрема двајца обвинети е донесена одбивателна пресуда поради повлекување на обвинението во текот на главната расправа.

**Табела 22. Видови на првостепени пресуди по кривично дело и суд**

| | Основен суд Скопје 1 – Скопје | Основен суд Велес | Основен суд Радовиш | Основен суд Гостивар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Телесна повреда | | | | | |
| Осудителна (условна) | / | 7 | 1 | / | 8 |
| Осудителна (казна затвор) | 1 | / | / | 1 | 2 |
| Мерка за безбедност | / | 1 | / | / | 1 |
| Ослободителна | / | / | / | / | 0 |
| Одбивателна | / | / | / | / | 0 |
| Тешка телесна повреда | | | | | |
| Осудителна (условна) | 2 | / | 1 | / | 3 |
| Осудителна (казна затвор) | 1 | / | / | / | 1 |
| Мерка за безбедност | / | / | / | / | 0 |
| Ослободителна | / | / | / | / | 0 |
| Одбивателна | / | / | / | / | 0 |
| Убиство во обид | | | | | |
| Осудителна (условна) | / | / | / | / | 0 |
| Осудителна (казна затвор) | / | / | / | / | 0 |
| Мерка за безбедност | 1 | 1 | / | / | 2 |
| Ослободителна | 1 | / | / | / | 1 |
| Одбивателна | / | / | / | / | 0 |
| Убиство | | | | | |
| Осудителна (условна) | / | / | / | / | 0 |
| Осудителна (казна затвор) | / | 1 | / | / | 1 |
| Мерка за безбедност | 1 | / | / | 1 | 2 |
| Ослободителна | / | / | / | / | 0 |
| Одбивателна | / | / | / | / | 0 |
| Загрозување на сигурноста | | | | | |
| Осудителна (условна) | 4 | / | / | / | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Осудителна (казна затвор) | / | / | / | / | 0 |
| Мерка за безбедност | / | / | 1 | / | 1 |
| Ослободителна | / | / | / | / | 0 |
| Одбивателна | 1 | | 1 | | 2 |
| Вкупно | 12 | 10 | 4 | 2 | 28 |

Анализата на видот на донесената одлука во предметите за заштита од семејно насилство укажува на индивидуалната казнена политика која секој од нив ја практикува (види табела 23). Па така, во **Основниот суд Скопје 1** се изречени само две затворски казни за сторено кривично дело тешка телесна повреда и убиство (обид). Загрижува тоа што условни осуди се изречени за четири предмети за загрозување на сигурноста и за два предмети за тешка телесна повреда. Во **Основниот суд Велес** е изречена само една затворска казна за сторено кривично дело Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2. Загрижува тоа што за седум (7) кривични дела за Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 се изречени условни осуди (нема затворски казни). Во **Основниот суд Радовиш** се изречени две условни осуди, една за кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 и една за Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2. Останатите обвиненија се повлечени пред отпочнување на главната расправа. Во **Основниот суд Гостивар** е изречена казна затвор за кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 и една мерка за безбедност за кривичното дело Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2.

**Табела 23. Видови на првостепени пресуди по суд**

| Вид на пресуда | Основен суд Скопје 1 – Скопје | Основен суд Велес | Основен суд Радовиш | Основен суд Гостивар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Осудителна (условна) | 6 | 7 | 2 | / | 15 |
| Осудителна (казна затвор) | 2 | 1 | / | 1 | 4 |
| Мерка за безбедност | 2 | 2 | 1 | 1 | 6 |
| Ослободителна | 1 | / | / | / | 1 |
| Одбивателна | 1 | / | 1 | / | 2 |
| Вкупно | 12 | 10 | 4 | 2 | 28 |

Сумираните податоци за видот на одлуките на судовите воопшто, како и во однос на одделните кривични пресуди, јасно укажуваат дека казнената политика што ја практикуваат судовите за овој вид на насилство, ни приближно не придонесува за намалување и елиминирање на тешките облици на семејното насилство и не води кон

заштита од овој вид на насилство. Со ваква казнена политика не може да се оствари правдата, не можат да се спречат сторителите на семејно насилство во иднина да не вршат такви кривични дела, не можат тие да се превоспитаат и воспитно да се влијае врз другите да не вршат вакви кривични дела. Не е за занемарување и бројот на изречени мерки на безбедност – задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа од чл. 63, кои се изречени во шест (6) случаи за сторени кривични дела против животот и телото од најтежок вид. Оттаму, сметаме дека државата треба ефективно да се справува со разрешување на ваквите опасни состојби во смисла на овие лица да им биде обезбедена секаква бесплатна помош од соодветни стручни лица, посебно невролози, психијатри и педагози и на тој начин превентивно би се дејствувало да не дојде до извршување на ваков вид на кривични дела.

## ЖАЛБЕНА ПОСТАПКА

Во седум предмети се водела жалбена постапка (види табела 24), односно биле поднесени вкупно десет (10) редовни правни лекови (види табела 25). Во Основниот суд Скопје 1 биле поднесени жалби во две судски постапки за кривичните дела убиство во обид и загрозување на сигурноста. Во Основниот суд Велес биле поднесени жалби во два предмета за  кривичните дела телесна повреда, како и во еден предмет за кривичното дело убиство. Во Основниот суд Гостивар се поднесени жалби во еден предмет за кривичното дело убиство и еден предмет за кривично дело телесна повреда.

Пример 1.

На ден 7.4.2016 година, околу 14:00 часот, во куќата каде што привремено престојувале на ул. ..... во Н., при вршење на семејно насилство, без повод и причини физички ја нападнал неговата сопруга – оштетената М.С. на начин што со неколку тупаници ја удрил по главата при што ѝ нанел телесни повреди изразени како контузија во пределот на лицето и устата.

Обвинетиот е огласен за виновен за кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ, судот за стореното кривично дело му изрекол Условна осуда утврдувајќи му казна затвор од 1 (една) година, чиешто извршување го одложил условно во рок од 3 (три) години условно доколку обвинетиот не стори ново кривично дело. Пресудата е донесена во отсуство на обвинетиот.

На страната на обвинетиот не се утврдени никакви олеснувачки околности.

И покрај тоа што не се утврдени никакви олеснувачки околности на страната на обвинетиот, судот спрема него изрекол условна осуда.

Застапникот на обвинението и покрај тоа што според наше видување имал основа да поднесе жалба против одлуката за казната, тоа не го сторил.

Пример 2.

На ден ... година, околу 17 часот, во нивната семејна куќа при вршење на семејно насилство по настанатата расправија физички ја нападнал неговата сопруга – оштетената Н. Б. од Р. на начин што ја удрил во неколку наврати со тупаници на главата и телото, нанесувајќи ѝ телесни повреди и тоа црвенило со оток на десната страна од челото во големина од 3 до 5 см., црвенило со оток над десната веѓа во големина на 2 до 3 см., црвенило на задниот дел од вратот, црвенило на левата плешка во големина од 3 см., оток на десниот палец и оток на десниот рачен зглоб.

Пресудата е донесена врз основа на признание на вина.

Обвинетиот е огласен за виновен за кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ, судот за стореното кривично дело му изрекол Условна осуда утврдувајќи му казна затвор од 1 (една) година, чиешто извршување го одложил во рок од 3 (три) години условно доколку обвинетиот не стори ново кривично дело. Пресудата е донесена во отсуство на обвинетиот.

На страната на обвинетиот не се утврдени никакви олеснувачки околности.

И покрај тоа што не се утврдени никакви олеснувачки околности на страната на обвинетиот, судот спрема обвинетиот изрекол Условна осуда.

Застапникот на обвинението и покрај тоа што според наше видување имал основа да поднесе жалба против одлуката за казната, тоа не го сторил.

**Табела бр. 24. Број на предмети во кои биле вложени редовни правни лекови (жалби) по подносител и по суд**

| | Основен суд Скопје 1 – Скопје | Основен суд Велес | Основен суд Радовиш | Основен суд Гостивар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на поднесени жалби | 2 | 3 | / | 2 | 7 |

Во 5 (пет) предмети била поднесена по една жалба, во 1 (еден) предмет во ОС Скопје 1 биле поднесени две жалби (ОЈО и обвинет), во 1 (еден) предмет во ОС Велес биле поднесени 3 (три) жалби, односно 1 (една) од обвинетиот, неговиот бранител и 1 (една) од ОЈО.

**Табела бр. 25. Подносител на редовен правен лек**

| | Основен суд Скопје 1 – Скопје | Основен суд Велес | Основен суд Радовиш | Основен суд Гостивар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Од обвинетиот | / | 3 | / | 1[2] | 4 |
| Од ОЈО | 2 | 1 | / | / | 3 |
| Од бранителот на обвинетиот | 1 | 1 | / | / | 2 |
| Од бранителот на оштетената | / | / | / | 1 | 1 |
| Вкупно | 3 | 5 | / | 2 | 10 |

Загрижува фактот што ОЈО само во три (3) предмети вложило жалба и покрај тоа што од 17 осудителни пресуди во 14 случаи од страна на судот била изречена алтернативна мерка – условна осуда. На ваков начин благата казнена политика на судот за кривични дела извршени како акт на семејно насилство неосновано е поддржана и од страна на ОЈО.

Покрај тоа, колку и од кого се поднесени редовните правни лекови, анализиравме и која е жалбената основа за нивно поднесување. Во четири предмети, жалбената основа се однесувала на видот на одлуката. Во првиот предмет што се водел за кривичното дело обид за убиство, ОЈО поднело жалба по што Апелациониот суд ја укинал првостепената ослободителна пресуда и го вратил предметот на повторно одлучување во првостепениот суд. Во вториот предмет, кој се водел за кривичното дело телесна повреда, жалбата била поднесена од страна на обвинетиот, по што Апелациониот суд ја потврдил претходно изречената мерка за безбедност – задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа. Во третиот предмет за стореното кривично дело убиство, жалбата била поднесена од бранителот на оштетениот, по што Апелациониот суд ја отфрлил, со што ја потврдил претходно изречената мерка за безбедност – задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа. Во еден од предметите за кривичното дело телесна повреда била поднесена жалба, по што Апелациониот суд ја потврдил првостепената пресуда – условна осуда.

Висината на казната била основа за поднесување на жалби во три предмети. Во првиот предмет за сторено кривично дело загрозување на сигурноста, жалба била поднесена од страна на бранителот на обвинетиот, кој барал намалување на изречената казна затвор, како и ОЈО, кој барал зголемување на изречената казна затвор. Во овој случај, Апелациониот суд ја преиначил првостепената пресуда и ја зголемил казната. Во вториот

[2] За овој предмет обвинетиот во два наврати има поднесено жалби до Апелационен суд.

случај за кривичното дело убиство, Апелациониот суд повторно ја преиначил првостепената пресуда и ја зголемил претходно изречената казна затвор. Во овој предмет имало поднесено три жалби, односно една од обвинетиот и една од неговиот бранител со која барале намалување на изречената казна затвор, како и една од ОЈО, кое барало зголемување на казната. Во третиот предмет за кривичното дело телесна повреда имало поднесување на редовни правни лекови во два наврати од страна на обвинетиот, по што второстепениот суд два пати ја укинувал првостепената казна затвор и го враќал предметот на повторно одлучување во основниот суд.

**Табела бр. 26. Одлука на второстепениот суд по жалбена постапка**

| | Основен суд Скопје 1 – Скопје | Основен суд Велес | Основен суд Радовиш | Основен суд Гостивар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Потврдени пресуди | / | 2 | / | 1 | 3 |
| Укинати пресуди | 1 | / | / | 1 | 2 |
| Преиначени пресуди | 1 | 1 | / | / | 2 |
| Вкупно | 2 | 3 | / | 2 | 7 |

Вкупно на ниво на сите судови, второстепените судови одлучувајќи по поднесените жалби во вкупно седум постапки, во три ги потврдиле, во два ги преиначиле и во два ги укинале првостепените пресуди (види табела 26).

## ПРАВОСИЛНИ ПРЕСУДИ

Второстепените, односно правосилните пресуди по својот епилог се разликуваат од првостепените само во однос на епилогот на една пресуда. Односно, една првостепена пресуда донесена од страна на Основниот суд Гостивар со изречена казна затвор во жалбената постапка е преиначена во осудителна со условна осуда (види табела 27).

**Табела бр. 27. Видови правосилни пресуди по суд**

| | Основен суд Скопје 1 – Скопје | Основен суд Велес | Основен суд Радовиш | Основен суд Гостивар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Осудителни (условна) | 6 | 7 | 2 | 1 | 16 |
| Осудителни (затвор) | 2 | 1 | / | / | 3 |
| Ослободителни | / | / | / | / | / |
| Одбивателни | 1 | / | 1 | / | 2 |
| Мерки за безбедност | 2 | 2 | 1 | 1 | 6 |
| Вкупно | 11 | 10 | 4 | 2 | 27 |

Коментарите во однос на казнената политика за случаите на семејно насилство, односно благата казнена политика, се потврдува и на ниво на правосилни пресуди.

# КАЗНЕНА ПОЛИТИКА

## ПОЗИТИВНА СУДСКА ПРАКСА

**Пример 1.**

ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 1 – СКОПЈЕ,

П Р Е С У Д А

ОБВИНЕТИОТ:

В. Д., осудуван, не се водат постапки за други крвични дела.

В И Н О В Е Н Е

ЗАТОА ШТО:

1. На ден ... година околу ...:00 часот во семејниот дом на ул. „...“ бр. ... во С., при вршење семејно насилство телесно ја повредил сопругата – оштетената М. Д. на начин што по настанатата вербална расправија, физички ја нападнал оштетената удирајќи ја со тупаници во пределот на главата и телото со што ѝ нанел телесни повреди изразени во вид на еритем и екскориации во пределот на левата подлактица.

2. На ден ... година по ..., часот во С., при вршење на семејно насилство ја загрозил сигурноста на неговата сопруга – оштетената М. Д. со сериозна закана дека ќе нападне по нејзиниот живот и тело и животот и телото на нејзините блиски, на начин што од мобилниот телефонски број ... на нејзиниот мобилен телефон со број ... ѝ испратил СМС-пораки со заканувачка содржина кои гласат: „семето секташко јеховистичко ќе ви го сотрам, ти крв моја ќе влечеш по курвање, ќе го зажалите денот кога сте дошле на овој свет, иди сега пријави ова све на полиција, еве имаш писмен доказ за закана по живот и тело“, „ о семето што малкумина знаат цел Балкан и Д. и татко му со кого се курваш и крадеш пари.... иди пријави сега одма дека убиена ќе бидеш, на курвање што си го влечела детето мое“, „јасно и гласно кажувам дека ќе бидеш убиена и ти и целото твое секташко племе“, „ќе ве запалам со све партали“, „ајде еве чекам пред полиција да бидеш масакрирана“, „ајде пријави одма, тука сум пред секташката врата, чекам пред сведоци да бидете масакрирани“, „ мислиш дека јас сум од тие criади им кадирај ги и се ти е простено, еве ти сега имаш писмени докази од мој број дека ќе бидеш масакрирана и ти и целото секташко племе, дека дете мое друга ноќ нема да спие таму да го носиш на курвање како денес“, „ја претера секоја граница со добро 17 месеци лажеш утре, друг месец задутре, крајно е време да ги вратиш ќе имаш сериозни последици не знам дали утревечерта ќе ја дочекаш, детето ќе има кој да го гледа не му треба мајка курва доволно едно дете го збудале и скрена, му остави белези за цел живот, моето дете таа судбина ја додека сум жив нема да ја дозволам“, „кенеф ја разбираш сериозноста или ќе играш мајтапи со мене“ со што кај оштетената М. Д. предизвикал страв и загрозување на сигурноста.

3. На ден ... година околу ... часот во С., пред станбена зграда на ул.„Ј. С.“ бр. ... при вршење семејно насилство телесно ја повредил сопругата – оштетената М. Д. на начин што по настанатата вербална расправија, најпрво со детска количка ја удрил во долниот преден дел од нозете, по што продолжил со раце да ја удира во пределот на главата, од

кои удари оштетената се здобила со телесни повреди во вид на модринки на нозете.

Со горните дејствија обвинетиот В. Д. сторил две кривични дела – Телесна повреда од член 130 став 2 в.в. со став 1 од КЗ и едно кривично дело – Загрозување на сигурноста од член 144 став 2 в.в. со став 1 од КЗ, па согласно со овие членови, како и членовите: 4, 32, 33, 35, 39, 40, 41 и 44 од КЗ, судот на обвинетиот за кривичните дела по горенаведените му утврдува казни и тоа:

– За кривичното дело Телесна повреда од член 130 став 2 в.в. со став 1 од КЗ, опишано во т. 1 од диспозитивот на оваа пресуда, казна затвор во траење од 12 (дванаесет) месеци.

– За кривичното дело Загрозување на сигурноста од член 144 став 2 в.в. со став 1 од КЗ, опишано во т. 2 од диспозитивот на оваа пресуда, казна затвор во траење од 6 (шест) месеци.

– За кривичното дело Телесна повреда од член 130 став 2 в.в. со став 1 од КЗ, опишано во т. 3 од диспозитивот на оваа пресуда, казна затвор во траење од 12 (дванаесет месеци).

Согласно со член 44 од КЗ, судот обвинетиот за погоре наведените кривични дела го

О С У Д У В А

На ЕДИНСТВЕНА КАЗНА ЗАТВОР во траење од 1 (ЕДНА) ГОДИНА и 2 (ДВА) МЕСЕЦА во која казна му се засметува и времето поминато во притвор сметано од 4.8.2017 година до 13.9.2017 година и од 13. 9.2017 година до правосилноста на пресудата, односно до започнување со издржување на казната затвор, но најдолго 60 дена.

Согласно со чл. 114 од ЗКП, оштетената М. Д. од С., за предјавеното имотноправно барање – надомест на штета, СЕ УПАТУВА на спор – парница.

Пример 2.

ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 1 – СКОПЈЕ,

П Р Е С У Д А

– ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА –

ОБВИНЕТИОТ:

Д. М. со ЕМБГ ... со завршено петто одделение, невработен, живеел во вонбрачна заедница, татко на две малолетни деца, безимотен, Р., државјанин на РМ, осудуван, се наоѓа на издржување мерка притвор со решение К-ПП бр. 17/18 од 20.1.2018 година на судија на претходна постапка на Основен суд Скопје 1 С. сметано од 19.1.2018 година од 13:40 часот до 27.1.2018 година до 13:40 часот, а последователно продолжуван со решение на овој суд К.бр.209/18 од 25.1.2018 година и со решение К.бр.209/18 од 5.2.2018 година сметано од 5.2.2018 година до правосилноста на пресудата, односно до започнување на издржување казна затвор, но најдолго 60 (шеесет) дена.

В И Н О В Е Н Е

ЗАТОА ШТО:

На 19.1.2018 година во семејната куќа на ул. ... бр. ... во С., при вршење семејно насилство тешко телесно ја повредил неговата мајка оштетената А. М. од С., на начин што по настанатата вербална расправија, физички ја нападнал удирајќи ја со рачка од секира при што ѝ нанел тешка телесна повреда, изразена во вид на скршеница на десната лакотна коска во дисталниот дел на десната подлактица.

Со горенаведените дејствија обвинетиот Д. М. од С. сторил кривично дело – Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 вв со ст. 1 од КЗ како и членовите 4, 32, 33, 35 и 39 од Кривичниот законик, судот

обвинетиот го:

О С У Д У В А

НА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 10 (ДЕСЕТ) МЕСЕЦИ, во која казна му се засметува и времето поминато во притвор ... С., сметано од 19.1.2018 година од 13:40 часот, до започнување со издржување на казната затвор, односно до правосилноста на пресудата, но најдолго 60 (шеесет) дена.

Согласно со член 114 став 2 од ЗКП, оштетената А. М. за евентуално предјавено оштетно побарување спрема обвинетиот Д. М., се упатува на граѓански спор – парница.

## НЕГАТИВНА СУДСКА ПРАКСА

Сакајќи да го поткрепиме општиот впечатокот дека казнената политика кон овој вид на насилство во нашата земја е блага и не ја постигнува својата цел, издвоивме повеќе примери на случаи со кои сакаме накратко да дадеме опис на случајот, да ви ги презентираме податоците во однос на одмерувањето на казната (отежителните и олеснителните околности), како и да дадеме коментар во однос на постапувањето на судот во однос на изречената казна.

**Пример од судска пракса.** Во временскиот период од 13.4.2016 година до 31.5.2016 година, во семејниот дом, лоциран на ул. ............... во В. ..., при вршење на семејно насилство, со умисла тешко телесно ја повредила неговата сопруга, и тоа:

– на ден 13.4.2016 година, околу 00:35 часот, најпрво отпочнал вербална расправија со оштетената, по што со тупаници отпочнал да ја удира по грбот, главата и стомакот, воедно гребејќи ја по кожата, како последица на што оштетената се здобила со телесни повреди изразени во вид на гребаници на кожата на задниот ѕид на градниот кош во должина од 10 см и широчина од 1 см, како и гребаници на двете страни од вратот.

– на ден 31.5.2016 година, околу 16:00 часот, најпрво ја бутнал оштетената до ѕидот од собата, по што ја удирал и ја гребел по телото заканувајќи ѝ се дека ќе ја убие, како последица на што оштетената се здобила со телесни повреди изразени во вид на гребаници на задната торакална регија и десната подлактица, крвен подлив на медијалниот дел на десната надлактица и подлактица, како и црвенило на долниот дел

на ’рбетот.

**Одмерување на казната.** Правилно постапил судот кога обвинетиот во конкретниот случај врз основа на признание на вина го огласил за виновен за кривично дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 в.в ст. 1 од КЗ. Донесена е пресуда врз основа на признание на вина. Спрема обвинетиот е изречена алтернативна мерка.

Судот во конкретниот случај не утврдил отежнувачки околности.

Судот како олеснувачка околност го ценел фактот дека обвинетиот не е осудуван. Судот како олеснувачка околност го ценел фактот дека против обвинетиот не се води друга кривична постапка. Неводењето на друга кривична постапка во конкретниот случај, па и општо сама по себе, не преставува олеснувачка околност. Судот како олеснувачки околности ценел дека обвинетиот изразил жалење и каење поради извршеното кривично дело, без судот во пресудата децидно да наведе во што се состои жалењето и каењето на обвинетиот за стореното кривично дело. Изразеното жалење и каење поради извршеното дело мора да биде точно опишано во што се состои, бидејќи самото изјаснување на обвинетиот дека жали и се кае за стореното кривично дело без да манифестира дејствија кои вистински наведуваат на тоа дека тој вистински се покајал за извршеното кривично дело по случувањето на кривичниот настан, не преставува олеснувачка околност. Судот како олеснувачка околност го ценел коректното однесување на обвинетиот во текот на кривичната постапка. Коректниот однос на обвинетиот во текот на целата кривична постапка, конкретно треба да е наведено во што се состои. Судот тоа не го сторил. Законска обврска на обвинетиот е коректно да се однесува во текот на целата главна расправа, додека некоректното однесување на обвинетиот на главната расправа е отежнувачка околност. Судот како олеснувачка околност го ценел и придонесот на обвинетиот кон ефикасно окончување на постапката без да наведе во што се состои тој придонес. Редовното јавување на обвинетиот за окончување на постапката преставува законска обврска на обвинетиот, а не олеснувачка околност. Судот како олеснувачка околност ценел дека обвинетиот е татко на едно малолетно дете. Ова не преставува олеснувачка околност.

Судот воопшто не ценел дека се работи за насилство кое перманентно се повторува.

**Пример од судска пракса**

На датум/година, во семејниот дом, лоциран на ул. ................ во В. ...,при вршење на семејно насилство, со умисла телесно ја повредила неговата сопруга – оштетената В. Р. на начин што со своите раце ставајќи ги во пределот на градниот кош на неговата сопруга, ја бутнал, а потоа со тупаница ја удрил во пределот на вилицата и челото нанесувајќи ѝ телесни повреди изразени во вид на нагмечување на меките делови на лицето и вратот, проследени со оток и крвни подливи во пределот на долната вилица и вратот со димензии од 5 сантиметри.

**Одмерување на казната.** Во конкретниот случај судот правилно наоѓа дека обвинетиот кривичното дело Телесна повреда од член 130 ст. 2 в.в. ст. 1 од КЗ го извршил со директна умисла. Донесена е пресуда врз основа на признание на вина. Судот не утврдил

отежителни околности. Како олеснителни околности при изрекување на видот и висината на казната спрема обвинетиот судот ги земал предвид: отсуството на трајните последици од кривичноправниот настан, дека против обвинетиот не се води друга постапка, дека тој изразил длабоко каење поради кривичното дело, дека коректно се однесувал во текот на кривичната постапка и дека придонел до ефикасно окончување на кривичната постапка со неговото редовно појавување пред судот, дека се наоѓал во лоша материјална состојба, дека тој бил татко на четири деца и дека е на возраст од 60 години и дека прекршочно дотогаш не бил казнуван.

**Коментар**

Судот во конкретниот случај како отежнувачки околности воопшто не го ценел степенот на кривичната одговорност на обвинетиот при сторување на кривичното дело, односно дека делото било сторено без повод и причина и дека тој во текот на дејството на кривичноправниот настан се однесувал безобѕирно кон оштетената.

Исто така, судот и покрај тоа што утврдил дека веќе е осудуван за ист вид на кривично дело, јасно зборува дека судот во никој случај не би смеел спрема едно вакво обвинето лице да изрекува алтернативна мерка – условна осуда. Имено, изрекување на условна осуда спрема обвинето лице е можно ако не постои ниту една отежнувачка околност на страната на обвинетиот.

Судот како олеснувачка околност го ценел фактот дека против обвинетиот не се води друга кривична постапка. Неводењето на друга кривична постапка во конкретниот случај, па и општо сама по себе, не преставува олеснувачка околност.

Судот како олеснувачки околности ценел дека обвинетиот изразил жалење и каење поради извршеното кривично дело, без судот во пресудата децидно да наведе во што се состои жалењето и каењето на обвинетиот за стореното кривично дело. Изразеното жалење и каење поради извршеното мора да биде точно опишано во што се состои, бидејќи самото изјаснување на обвинетиот дека жали и се кае за стореното кривично дело без обвинетиот по завршувањето на кривичниот настан да манифестира дејствија кои вистински наведуваат на тоа дека обвинетиот вистински се покајал за извршеното кривично дело, не преставува олеснувачка околност.

Судот исто така како олеснувачка околност го ценел коректното однесување на обвинетиот во текот на кривичната постапка. Коректниот однос на обвинетиот во текот на целата кривична постапка, конкретно треба да е наведено во што се состои. Судот тоа не го сторил. Законска обврска на обвинетиот е коректно да се однесува во текот на целата главна расправа, додека некоректното однесување на обвинетиот на главната расправа е отежнувачка околност.

Судот исто така како олеснувачка околност го ценел и придонесот на обвинетиот кон ефикасно окончување на постапката, без да наведе во што се состои придонесот на обвинетиот кон ефикасно окончување на кривичната постапка. Редовното јавување на обвинетиот за окончување на постапката преставува законска обврска на обвинетиот, а не олеснувачка околност.

Од увидот во другите предмети во однос на сите кривични дела, судот децидно не ги применувал членовите 40 и 41 од КЗ.

Имено, и покрај тоа што нема постигнато предлог-спогодба меѓу обвинетиот и ЈО, исто така нема ни дадено признание на вина на главна расправа, судот и покрај тоа што претходно немало посебни олеснувачки околности од кои произлегува дека казната треба да биде ублажена, судот казната ја ублажувал и спрема обвинетиот најчесто изрекувал алтернативна мерка.

Ваквата пракса е присутна во сите судови, каде што и покрај тоа што обвинетите не дале признание на вина, нема посебни олеснувачки околности на страната на обвинетиот при извршување на кривичното дело, судот наместо спрема обвинетиот да ја изрече барем минималната казна, судот без постоење на посебни олеснувачки околности за ублажување на казната, казната ја ублажил.

Во предмети во кои нема признание на вина и во кои на страна на обвинетиот не стојат посебни олеснувачки околности, во Основниот суд Велес се донесени 4 осудителни условни пресуди и во Основниот суд Гостивар има една пресуда.

Ваква пракса има и при пресудувањето за кривичното дело Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ.

Имено, обвинетиот со пресуда на Основниот суд Скопје 1 – Скопје е огласен за виновен за предметното кривично дело Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ, за кое законот предвидува казна од 3 месеци до 3 години. Обвинетиот нема дадено признание на вина и на страна на обвинетиот нема посебни олеснителни околности, судот спротивно на член 40 од КЗ, наместо да му изрече казна затвор минимално од три месеци, судот спрема обвинетиот изрекол алтернативна мерка/условна осуда, утврдувајќи му казна затвор од 6 месеци, чие завршување е одложено условно во рок од 2 години сметано од денот на правосилноста на пресудата доколку обвинетиот не стори ново кривично дело. За овој вид на кривично дело, во кое нема признание и нема посебни олеснувачки околности на страна на обвинетиот, донесени се вкупно три осудителни условни, односно две во Основниот суд Скопје 1 – Скопје и една во Основниот суд Радовиш.

